ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ТЕМА ПОПИС НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

04 2021 00 12




**Скопје, декември 2021 година**

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


| | |
|---|---|
| Резиме | 1- 2 |
| Вовед | 3- 6 |
| Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата | 6- 7 |
| Осврт на ревизијата од претходната година | 7 |
| Наоди и препораки | 7-29 |
| Заклучок | 30 |

Прилози на конечниот ревизорски извештај:
Прилог 1 – Забелешки на Нацрт ревизорски извештај
Прилог 2 – Одговор на Забелешки на Нацрт ревизорски извештај

Кратенки користени во извештајот:

СОЗР – Служба за општи и заеднички работи на Влада на РСМ
РМ – Република Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
ЦПК – Централна пописна комисија
еКат- системот за воспоставување на регистар на недвижен имот во државна сопственост
ГМ – Главен магацин
ЛЛ – Лагер листа
ЛЛПС – Лагер листа почетна состојба
ДП- деловен простор
ИЛ – Имотен лист
КО- Катастарска општина
МИОА-Министерство за информатичко општество и администрација
МНР – Министерство за надворешни работи
МРТВ – Македонска радио и телевизија
ДЗР – Државен завод за ревизија
ЕИБ - Единствен идентификационен број
АД – акционерско друштво
ДДВ – данок на додадена вредност
ФИФО- принцип (прв влезен / прв излезен)

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:13-199/14
Дата: 23.12.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ“.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основ да го изразиме следниот заклучок:

Пописот на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР е нецелосен и во одредени сегменти не е постапено согласно законската регулатива, спроведувањето на пописот е од страна на пописни комисии но дел од пописни листи се некомплетно потпишани, поради не воспоставена внатрешна евиденција на недвижни ствари и невоспоставена организациона единица која ќе биде задолжена за евиденција на недвижните ствари кои ги користи СОЗР, истите не можат да бидат внесени во сметководствената евиденција, не е извршено утврдување на фактичката состојба со пописот и усогласеност на податоците во деловните книги / сметководствената евиденција со фактичката состојба на побарувањата, обврските и вонбилансната евиденција, не се утврдени причините за утврдените разлики со пописот, извештаите на пописните комисии не реално ја прикажуваат состојбата на средствата и обврските во СОЗР иако извештајот од попис на ЦПК е усвоен од страна на одговорното лице, дадените препораки во извештајот од спроведениот попис не се спроведуваат.

Извршена е ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефиксаност на извршените услуги на СОЗР преку искористување на возниот парк“, согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2019 година. Со оваа ревизија е утврдено дека од 13 препораки дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, 7 препораки се целосно спроведени, 4 препораки се делумно спроведени и 1 препорака не е спроведена.

Со извршената ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на СОЗР“, констатиравме одредени состојби од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- внатрешна евиденција на недвижни ствари кои ги користи СОЗР не е воспоставена;

- единица за внатрешна евиденција на недвижниот имот не е воспоставена, но со новиот Правилник за внатрешна организација на СОЗР и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР е предвидено постоечкото Одделение за инвестиции и нови градби да се дополни со вршење на работите на евиденција на недвижности;
- СОЗР има евидентирано недвижни ствари за кои недостасуваат вредности и истите неможат да бидат внесени во деловните книги;
- пописната листа на возилата/возен парк не е потпишана од еден член на Комисијата за попис на основни средства со кои располага СОЗР во Скопје и не е целосно пополнета, не е извршено усогласување на податоците за возилата со кои располага Одделението за превоз и одржување на моторни возила со пописната листа за возилата;
- предлог одлуките по попис на поединечните пописни комисии и во Извештајот на ЦПК се повторуваат во континуитет секоја година, а при тоа најчесто не се преземани активности за постапување по истите;
- изготвени се записници и извештај за извршен попис на залихи на стоки кој не ги содржи податоците согласно интерните акти на СОЗР, односно Извештајот не соодветствува на барањата предвидени во Упатството за работа на комисиите за попис и Решението за формирање на комисиите;
- не се дадени појаснувања за причини за настанат кусок или вишок во пописот на залихи на стоките на СОЗР;
- утврдени се разлики во количините и набавениот износ на артикал во лагер листата и аналитичката евиденција на ден 22.07.2021 година при проверка на лице место и издавање на количини без поединечна набавна цена и вредност;
- податоците во софтверскиот програм за вредноста на залихите на материјали во 2020 година, не се реално прикажани;
- неусогласување на салдата од обврските кон добавувачите и побарувањата од купувачите на СОЗР за што е потребно нивно усогласување и
- вонбилансната евиденција не е опфатена со пописот и нереално е прикажана во деловните книги.

За утврдените состојби дадени се препораки до надлежните лица во СОЗР со цел надминување на состојбите.

На Нацрт извештајот доставени се забелешки од одговорното лице директорот на СОЗР од кои дел претставуваат известување за преземени мерки и активности кои соодветно се обелоденети во Конечниот извештај, дел не се прифатени од причина што не се доствени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби, а дел се делумно или целосно прифатени во функција на допрецизирање на текстот.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ“ за период од 2017 до 2020 година, иако некои прашања и настани се опфатени и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

1.2. Ревизијата на начинот и постапките за спроведување на попис на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Од страна на анонимен доставувач доставен е допис/известување[1], со кој се известува ДЗР за состојби поврзани со пописот на средствата, обврските и побарувањата кои се однесуваат за работењето на СОЗР во изминатиот период од 2017 година, до извршување на ревизијата. Ревизорскиот тим согласно методолошките упатства за работа на ДЗР ги увиде сите укажувања во дописот, истите ги документира и за сите утврдени состојби информира во делот од точка 4 за ревизорските наоди и препораки од извештајот.

1.3. Извршена е ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на извршените услуги на СОЗР преку искористување на возниот парк“, согласно Годишната програма за работа за ДЗР за 2019 година. Со оваа ревизија е утврдено дека од 13 препораки дадени во Конечниот извештај, 7 препораки се целосно спроведени, 4 препораки се делумно спроведени, 1 препорака е неприменлива и 1 препорака не е спроведена.

1.4. Раководството на СОЗР е одговорно за спроведување на Пописот во период од 2017 до 2020 година, застапувано од директорот на СОЗР и тоа:
- М-р Пеце Мирчески од 06.06.2017 година.

Оваа одговорност вклучува спроведување на пописот на средствата и обврските, преку формирање на потребен број на комисии за попис, обезбедување на услови за фактичко броење и мерење на средствата, разгледување на извештајот од спроведениот попис и донесување на акт за усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за тоа дали спроведениот

[1] заведен во ДЗР под бр.13-1001/1 од 06.09.2021 година

попис во 2020 година, е во согласност со Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и Правилник за сметководството на буџети и буџетски корисници.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали за одредени прашања спроведените пописи кои се реализираат во период од 2017 до 2020 година, се во согласност со Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали спроведувањето на пописот во СОЗР е во согласност со Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и Правилник за сметководството на буџети и буџетски корисници. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки. При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на спроведување на пописот во СОЗР, со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на заклучок за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на начинот и постапките за спроведување на попис на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР во период од 2017 до 2020 година. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот ревизорски заклучок.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ“ е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали:

- Пописот во СОЗР е спроведен согласно постојната законска регулатива;
- Навремено спроведување на пописот во СОЗР;
- Спроведувањето на пописот е од страна на соодветни пописни комисии;
- Утврдување на фактичката состојба со пописот и усогласеност на податоците во деловните книги / сметководствената евиденција со

фактичката состојба;
- Утврдување на причините за утврдените разлики со пописот;
- Извештаите на пописните комисии се во согласност со законската регулатива и реално ја прикажуваат состојбата на средствата и обврските во СОЗР;
- Извештајот од попис на ЦПК е усвоен од страна на одговорното лице и
- Одговорното лице ги прифаќа и спроведува дадените препораки во извештајот од спроведениот попис.
- Актот за усогласување е донесен во пропишаниот законски рок.

2.2. Критериуми во однос на кои предметната материја е споредувана се:

**Законска регулатива:**
- Закон за Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на РМ“ број 59/00, -, 140/18) и („Службен Весник на РСМ“ број 98/19);
- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на РМ“ број 58/00, - 51/11) и („Службен Весник на РСМ“ број 96/19, 110/19 и 154/109);
- Закон за буџетите („Службен Весник на РМ“ број 64/05, - 167/16) и („Службен Весник на РСМ“ број 151/21);
- Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници(„Службен Весник на РМ“ број 61/02, - 170/17) и („Службен Весник на РСМ“ број 122/21);
- Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на РМ“ број 78/15-21/18) и („Службен Весник на РСМ“ број 101/19, 275/19 и 122/21);
- Закон за нотаријат („Службен Весник на РМ“ број 72/16, 142/16, 25/18 и 233/18) и („Службен Весник на РСМ“ број 70/20 и 191/20);

**Подзаконски акти:**
- Одлука за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;
- Уредба за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР во Владата на Република Северна Македонија;
- Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- Програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа;
- Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на СОЗР;
- Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари;
- Одлука за престанок на важење на одлуката за давање на трајно користење недвижна ствар на СОЗР;

- Одлука за давање согласност на решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на СОЗР;
- Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад;
- Одлука за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на владата на кој му престанала функцијата;
- Одлука за определување право на користење на службено моторно возило и возач на лично располагање; и
- Одлука за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба.

**Интерни акти на субјектот:**

- Правилник за внатрешна организација на СОЗР;
- Правилник за систематизација на работните места во СОЗР;
- Упатство за евидентирањето, за движењето, за начинот на контрола и на плаќањето на фактури и ситуации;
- Правилник за готовинско благајничко работење;
- Упатство за начинот на постапување со ненаплатени побарувања и неплатени обврски;
- Правилник за вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар;
- Правилник за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР;
- Упатство за начинот на спроведување на пописот на побарувањата и обврските;
- Упатство за начинот и постапката на преземање на движни ствари-моторни возила со отстапување од Агенцијата за управување со одземен имот;
- Упатство за начинот и постапката на преземање на движни ствари-преостапени или дадени на времено или трајно користење и располагање;
- Упатство за начинот на постапување при запишување на правата на недвижни ствари во сопственост на РСМ-преостапени или дадени на времено или трајно користење и располагање;
- Упатство за начинот и постапката за расходување на неупотребените ствари;
- Упатство за начинот на добивање и користење на меѓународна МАСТЕР КАРД картичка;
- Постапка за фактурирање на услугите за превоз;
- Решение за утврдување на правото и начинот на користење на службена платежна картичка;

- Правилник за магацинско работење на главниот магацин во СОЗР;
- Управување со буџети, и
- Правилник за сметководствени политики.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03. до 31.08.2021 година, кај СОЗР од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на извршените услуги на СОЗР преку искористување на возниот парк“, согласно Годишната програма за работа за ДЗР за 2019 година. Со оваа ревизија е утврдено дека од 13 препораки дадени во Конечниот извештај, 7 препораки се целосно спроведени, 4 препораки се делумно спроведени и 1 препорака не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на СОЗР на ден 30.08.2021 година.

На ден 17.11.2021 година добиени се забелешки од одговорното лице на СОЗР на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-199/13 од 17.11.2021 година.
Забелешките се однесуваат на резимето, заклучокот и точка 4.1.1.; точка 4.1.2. алинеи 1 ,2,3 последниот став и алинеја 2 од препораката; точка 4.1.3. алинеа 1 точка 1, алинеа 2 и препораката; точка 4.2.1. алинеја 2, 3, 4 и 5 и алинеа 2 од препораката; точка 4.2.2 став 1, алинеја 3, 4,5, 6 и 7; точка 4.3.1. алинеја 1 и 2; точка 4.3.2 став 2 и став 5; точка 4.4; точка 4.5.1 став 3 и алинеја 2 од препораката ; точка 4.5.2 алинеа 1 и 2 и точка 4.5.3 и алинеа 2 од препораката.
Забелешките се разгледани и дел не се прифатени од причина што не се доствени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби, дел се делумно или целосно прифатени во функција на допрецизирање на текстот, а дел од истите претставуваат известување за преземени мерки кои се обелодените во Конечниот извештај.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

**Со ревизијата на усогласеност констатирани се следните состојби:**

### 4.1.Попис на земјиште и градежни објекти, со состојба 31.12.2020 година

Вкупната вредност на градежното земјиште евидентирана во деловните книги со состојба на 31.12.2020 година, изнесува 8.912.362 илјади денари.
Вкупната сегашна вредност на градежните објекти со имотен лист на 31.12.2020 година, изнесува 7.385.517 илјади денари.
Вкупната сегашна вредност на градежните објекти без имотен лист на 31.12.2020 година, изнесува 8.984.231 илјади денари.

4.1.1. Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ е основана со Одлука за основање на СОЗР[2]. Од донесувањето на одлуката до денес, истата е 23 пати изменувана и дополнувана[3], при тоа не е изготвен официјален пречистен текст на одлуката.
Како една од надлежностите на СОЗР наведена во Одлуката за основање е надлежноста да води внатрешна евиденција на недвижностите кои таа ги користи за потребите на Владата на РСМ.
Во 2001 година, била донесена Одлука за востановување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи[4]. Со одредбите од Одлуката истовремено е уредено дека Министерство за финансии-Управата за имотно правни работи е надлежна за работите на востановување и водење на внатрешна евиденција за имотот што го користи Собранието на РСМ, Претседателот на државата, Владата на РСМ, Уставниот суд и Републичкиот судски совет, а надлежноста на СОЗР со одредбите на оваа одлука е избришана. Иако оваа одлука сеуште е со важност, по истата не е постапено, односно Управата за имотно правни работи всушност не ја презела евиденцијата на недвижностите.
Во насока на погоре наведеното се и одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[5] врз основа на кои е уредено дека секој државен орган, во конкретниов случај СОЗР до 2016 година, бил должен да води внатрешна евиденција на недвижните ствари преку водење на Евидентна книга за недвижните ствари што ги користи.

[2] Одлука за основање на СОЗР број 23-1415/2 од 20.07.1998 година
[3]Одлука за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ број 37/98, 45/98, 28/99, 61/99, 21/01, 30/01, 76/01, 21/02, 69/03, 147/07, 139/08, 87/09, 135/09, 67/10, 37/11, 136/12, 95/13, 34/14, 38/14, 90/14, 88/15, 45/16 и 188/18)
[4]Одлука за востановување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи (Службен Весник на РМ број 76/2001)
[5] Од член 59 до член 64 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник број 78/2015, 106/2015 и 153/2015)

Поради тоа што ревизијата констатира дека заклучно со денот на вршењето на ревизијата, СОЗР не води внатрешна евиденција на недвижностите, согласно член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[6] во кој е уредено дека буџетските корисници треба да водат деловни книги – книга за капиталниот имот (основните средства). Поради значајноста на материјата/документот заради потребите на предметот на ревизијата, ревизијата упати допис до Агенцијата за катастар на недвижности[7] од каде ни беа доставени податоци. Од податоците со кои располага Агенцијата за катастар на недвижности, ревизијата констатира дека СОЗР доставувала податоци за внесување во Евидентна книга за недвижности што ги користат државните органи заклучно за 2013, 2014 и 2015 година, но не и дека водела Евидентна книга за свои потреби[8].

Со одредбите од членот 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[9], се укинува обврската државните органи да водат Евидентна книга на недвижностите кои ги користат. Започнувајќи од 2016 година, согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, за Агенцијата за катастар на недвижности е предвидена обврска да воспостави единствена евиденција врз основа на Единствен идентификационен број за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата. Исто така, Агенцијата за катастар на недвижности врши надградба на еКат системот за воспоставување на регистар на недвижен имот во државна сопственост, но до денот на ревизијата се врши тестирање на истиот. Со ваквото воспоставување на единствена евиденција врз основа на ЕИБ за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата, во иднина се очекува дека ќе се надминат долгогодишните проблеми со кои се соочуваат државните органи при водењето на евиденцијата на недвижностите, бидејќи на едно место ќе биде евидентиран целиот недвижен имот.

СОЗР до денот на ревизијата во своите интерни акти (Правилникот за внатрешна

[6] Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници Службен Весник број 61/2002; 98/2002; 81/2005; 24/2011; 145/2015; 170/2017; 122/2021)

[7] Писмо/Допис број 13-199/10 од 29.07.2021 година од Агенцијата за катастар на недвижности до Државниот завод за ревизија

[8] Доставување на податоци за Евидентна книга број 05-1550/1 од 05.03.2013 година, број 08-4510/1 од 04.08.2014 година, а во 2015 година истата е неархивирана и не е потпишана.

[9] Член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со кој се менува членот 57 од законот (Службен Весник на РМ број 190/2016)

организација[10] и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР[11]) нема предвидено точно определено работно место/организационен облик што ќе биде надлежен за водење на внатрешна евиденција на недвижноста што ја користи или е во сопственост на СОЗР.

Заради надминување на погоре констатираната состојба, односно за воспоставување на внатрешна евиденција на недвижниот имот, со новиот Правилник за внатрешна организација на СОЗР[12] и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР[13] е предвидено постоечкото Одделение за инвестиции и нови градби да се дополни со вршење на евиденција на недвижности во склоп на Секторот за инвестиции, нови градби, тековно одржување и комунални трошоци и предвидено е работно место со звање Помлад соработник за евиденција на недвижностите. Обврските кои произлегуваат и се утврдени за ова работно место во текот на ревизијата се пренесени со Решение за овластување за вршење на работи и задачи[14], на вработено лице на неопределено време во СОЗР.

Во писменото известување дадено од одговорното лице на СОЗР до ревизијата[15], меѓудругото е наведено дека заради надминување на констатираната состојба во тек е постапка за донесување на решение за формирање на работна група за изготвување на Регистар на недвижни ствари (евиденција) кои ги користи СОЗР. Исто така, во даденото писмено известување е наведено дека СОЗР пристапува кон изменување и дополнување на Одлуката за основање и Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, заради изнаоѓање на решенија за уредување на прашањата поврзани со надлежностите кои ги врши.

**Препорака**

Одговорното лице во СОЗР да преземе активности за воспоставување на внатрешна евиденција на недвижни ствари кои ги користи СОЗР и да продолжат со активностите во делот на ажурирање на одлуката за основање.

4.1.2. На крајот на 2020 година, врз основа на донесена Одлука на Влада на РСМ за

---

[10]Правилникот за внатрешна организација број 01-3692/1 од 01.06.2015 и Правилник за изменување на Правилникот за внатрешна организација број 01-18/1 од 03.01.2017

[11]Правилник за систематизација на работните места во СОЗР број 01-2270/3 од 29.03.2018 година и измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР број 01-4460/6 од 17.08.2018 година, број 01-7730/1 од 12.11.2019 година и број 01-4795/1 од 10.11.2020 година

[12] Правилник за внатрешна организација на СОЗР број 01-3880/1 од 07.07.2021 година, со Согласност на Правилник за внатрешна организација на СОЗР број 01-3882/2 од 07.07.2021 година

[13]Правилник за систематизација на работните места во СОЗР број 01-3881/1 од 07.07.2021 година, со Согласност на Правилник за внатрешна организација на СОЗР број 01-3882/2 од 07.07.2021 година

[14] Решение за овластување за вршење на работи и задачи број 04-4505/1 од 06.08.2021 година

[15] Писменото известување дадено од одговорното лице на СОЗР доставено до ревизијата број 14-1400/6 од 25.08.2021 година

давање на согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба[16], СОЗР пристапило кон склучување на Договор за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба[17] со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката. Предмет на договорот е продажба на недвижни ствари – деловен простор кој се наоѓа во административно-деловниот објект на улица „Филип Втори Македонски“ број 11 во Скопје[18] и е со вкупна површина од 6.770 м$^2$.

Со увид во документација што произлегува од купопродажбата на недвижната ствар, ревизијата констатира дека:

- Во Одлуката за давање на согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба не е опфатено дека со купувањето на недвижните ствари-деловниот простор, СОЗР востановува права и обврски на заедничка сопственост со продавачот над градежното земјиште и земјиштето под зграда, во вкупна површина од 1.554 м$^2$, евидентирано во Имотниот лист број 106286.[19] Овој податок е наведен само во Преддоговорот за продажба на недвижни ствари-деловен простор со непосредна спогодба[20] и во Договорот за продажба на недвижни ствари-деловен простор со непосредна спогодба.
- Исто така, по извршената поединечна пресметка на вкупната површина на деловниот простор, предмет на продажба, ревизијата констатира дека тој има вкупна површина од 7.629 м$^2$ во имотен лист, не вклучувајќи ја заедничката сопственост на земјиштето со вкупна површина од 1.554 м$^2$ и е поголема од вкупната површина наведена во одлуката, договорот за продажба и во имотните листови (која површина изнесува 6.770м$^2$) и постои разлика од 859м$^2$. Во писменото известување потпишано од страна на одговорното лице на СОЗР доставено до ревизијата е наведено дека е започната постапка за исправка на техничка (печатна) грешка во Одлуката.

Веднаш по склучување на Договорот за продажба на недвижните ствари, Владата на РСМ донела Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на министерството за политички систем и односи меѓу заедниците[21], врз основа на која одлука на наведеното министерство му се дава на трајно користење

[16] Одлука за давање на согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба број 44-11846/3 од 10.12.2020 година(Службен Весник на РСМ број 296/2020)
[17] Договор за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба број 08-5517/5 од 29.12.2020 година
[18] Имотен лист број 106458, КП број 9506/15, КО Центар 1
[19] Имотен лист број 106286, КО Центар 1, КП број 9506/15
[20] Преддоговорот за продажба на недвижни ствари-деловен простор со непосредна спогодба број 08-5517/3 од 25.12.2020 година
[21] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците број 44-12961/1 од 30.12.2020 година (Службен Весник на РСМ број 316/2020)

без надомест деловни простории во вкупна површина од 5.302 $м^2$.[22]
Со Информација број 08-6481/1 од 15.11.2021 година, доставена до Владата на РСМ, СОЗР бара да се донесе Одлука за исправка на Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба.
Во 2020 година, по спроведена постапка за давање под закуп на недвижни ствари во Скопје, СОЗР има склучено Договор за закуп[23] со времетраење на истиот од 4 години од денот на влегување во сила (2020-2024 година). Предмет на договорот за закуп се 11 деловни простории-бифеа кои се наоѓаат во објектите на 9 министерства и 2 органи на управата. Овие деловни простории му се доделуваат на СОЗР врз основа на донесени Одлуки за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари[24], заради извршување на угостителски услуги во деловните простории-бифеа. Со увид во склучениот Договор за закуп и донесените Одлуки за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари, ревизијата констатира дека во договорот за закуп за 2 бифеа се наведени површини во $м^2$ кои се различни/помали од двете Одлуки за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари кои се однесуваат на тие бифеа.
Несовпаѓањето на површината на предметниот деловен простор во одлуката и имотните листи влијае на објективно искажаната состојба во сметководствената евиденција и склучување на договорот за закуп, без претходно да се усогласат горенаведените состојби поврзани со недвижните ствари-деловни простории, претставува ризик да се склучи договор за закуп спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Препораки**

- Одговорното лице во СОЗР да продолжи со активностите во насока на исправка на податоците наведени во одлуката, договорот за продажба на недвижните ствари и други поврзани акти со цел утврдување на точна и веродостојна состојба на купената недвижна ствар.
- Пред склучување на договор за закуп на недвижни ствари, СОЗР е потребно да ги усогласи сите состојби поврзани со недвижните ствари предмети на договорот за закуп.

4.1.3. Централната комисија за попис на средства, извори на средства, побарувања и обврски во СОЗР за 2020 година, во својот Извештај за попис на средства, извори на средства, побарувања и обврски со состојба 31.12.2020 година, констатирала дека:

---

[22]Имотен лист број 106458, КП број 9506/15, КО Центар 1, -деловни простории кои се наоѓаат во административно деловниот објект на улица Филип Втори Македонски број 11, Скопје
[23] Договор за закуп број 08-384/9 од 13.02.2020 година
[24]Одлуки за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на СОЗР (Службен Весник на РМ број 170/2015, 23/2018, 5/2020 и 20/2020)

СОЗР има евидентирано недвижни ствари во извештајот за попис за кои недостасуваат вредности и истите не можат да бидат внесени во деловните книги / сметководствената евиденција и тоа за:

- Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари[25] донесена во 2019 година, врз основа на која на СОЗР му се доделува деловна просторија која се наоѓа на улица Војни објект зграда број 22, влез 1, кат приземје, намена на зграда –деловен простор (ДП)[26], со внатрешна површина од 978 м2, на трајно користење без надомест и
- Објект во с.Лазарополе, ИЛ број 320, КО Лазарополе.

Со Информација број 08-6480/1 од 15.11.2021 година доставена до Владата на РСМ, СОЗР бара да се донесе Одлука за поништување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на СОЗР, која се однесува на Хангарот сместен на парцела која припаѓа на Меѓународниот аеродром Скопје, поради тоа што станува збор за недвижни ствари кои се однесуваат на одделена парцела и немаат поврзаност заради нивно заедничко користење.

Исто така, Централната пописна комисија има констатирано дека во деловните книги / сметководствената евиденција има градежни објекти без имотни листови и градежно земјиште кое се води во сметководствената евиденција во СОЗР, а над кое СОЗР нема право на фактичко владение и за кое нема обезбедено документација, и тоа:

- За објектите во КО Ротино, Другово, Банско, Смолари, Луково и Лазарополе[27], постојат имотни листови, освен за Смолари, за кој објект има поседовен лист. Над дел од овие објекти СОЗР нема корисничко право и освен за Ротино[28] и за Лазарополе[29], за останатите се уште не е уреден правниот статус на објектите;
- За градежното земјиште кое се води во деловните книги / сметководствената евиденција во СОЗР на Бирото за судски вештачења, Трговски центар (ТЦ) Скопјанка, земјиште во Општина Кисела Вода, бараки СОЗР, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, ул.Свети Кирил и Методиј, Струмица,

---

[25] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари број 45-7436/1 од 02.10.2019 година(Службен весник на РМ број 207/2019)

[26] Имотен лист број 1090, сопственост на АД Аеродроми на РСМ, со внатрешна површина од 978 м2, на КП број 1/11, КО Мралино

[27] Имотен лист број 266, КО Ротино, со Одлука за пренесување на правото на користење на недвижен имот број 23-4137/1 од 20.08.2002 година(Службен Весник на РМ број 68/2002), Имотен лист број 295, КО Другово, Имотен лист број 7279, КО Банско, Пописен лист со незапишани права број 277, КО Смолари, Имотен лист број 758, КО Луково и Имотен лист број 320, КО Лазарополе

[28] Со Одлука за пренесување на правото на користење на недвижен имот број 23-4137/1 од 20.08.2002 година (Службен Весник на РМ број 68/2002) правото на користење на недвижен имот-објект со површина од 1858 $м^2$ и дворно земјиште со површина од 5310 $м^2$ кои се наоѓаат во с. Ротино-Битола, лоцирани на КП бр. 845, КО Ротино, евидентиран во поседовен лист бр. 266, сопственост на Република Македонија, се пренесува на Јавната научна установа-Институт за сточарство-Скопје за потребите на Подрачната единица во Битола. Недвижниот имот корисникот ќе го користи без надоместок на неопределено време

[29] Имотен лист број 320, КО Лазарополе, како сопственик е наведен СОЗР

Кичево, Куманово, Велес, Штип и Сретеново Дојран, СОЗР нема корисничко право, бидејќи во нив се сместени други корисници;

- За бараките Гази Баба, Чаир, ул. Васил Ѓоргов, објектот Самоков и вилата Бањац Цавтат, не постојат имотни листови и СОЗР нема обезбедено друга документација за истите, поради што тие се водат во вонбилансната евиденција и
- За репрезентативните и резиденцијалните објекти и тоа: Вила “Водно 1”, Вила “Водно 2” и Вила “Водно 3”, сите во Скопје и Вила “Билјана”, Вила “Охрид”, Вила “Охрид 1”, Вила “Охрид 2”, Вила “Мир” и Вила “Свети Стефан” сите во Охрид, кои согласно Одлуката за основање на СОЗР му се доделени, во извештајот од ЦПК е констатирано дека сеуште е во тек постапка за регулирање на правниот статус на земјиштето, постапка започната од страна на Министерството за транспорт и врски во 2011 година, и која сеуште трае, за кое на ревизијата не и беа дадени документи.

СОЗР има доставено Барања за издавање на имотни листови број 08-5423/2 од 23.09.2021 година и број 08-5423/1 од 23.09.2021 година до Агенцијата за катастар на недвижности и има донесено Решение за формирање на Комисија за утврдување на фактичката состојба со недвижните ствари и градежно земјиште број 02-6477/1 од 15.11.2021 година, со задолжение во рок од три месеци да изврши увид на терен заради обезбедување на точна фактичка состојба за сите недвижности, да се изработи Извештај, врз основа на кои ќе се достави Информација до Владата на РСМ за да се преземат активности по предметните недвижности.



Фотографија од локација на која сеуште се водат бараките на Бирото за судско вештачење кои не постојат.

Ваквата состојба изминатите години (2017, 2018 и 2019 година) била констатирана од страна на сите централни пописни комисии, а усвоена со Одлуки за усвојување на извештајот на ЦПК од страна на одговорното лице, но по истите до денот на ревизијата не е постапено.

Вкупно утврдените состојби предизвикуваат неможност од потврда на реалноста и објективноста на состојбите со недвижностите кои ги користи СОЗР, нивно реално прикажување во деловните книги и финансиски извештаи што не е во согласност со

одредбите од член 29 и 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорното лице на СОЗР да продолжи со започнатите активности пред надлежните органи во функција на регулирање на правниот статус на недвижните ствари.

### 4.2. Попис на патнички моторни возила

Вкупната ревалоризирана набавна вредност на возилата изнесува 206.117 илјади денари со состојба 31.12.2020 година.

4.2.1. Вкупниот број на моторни возила со кои располага СОЗР заклучно со 31.12.2020 година, изнесува 126 моторни возила, нивната ревалоризирана набавна вредност изнесува 206.117 илјади денари, ревалоризираната исправка на вредноста изнесува 201.250 илјади денари и сегашна вредност од 4.867 илјади денари. Овие моторни возила се во возна состојба, од кои со 90 моторни возила располага СОЗР, а 36 моторни возила се распределени по други институции[30].
Од извршената анализа на старосната структура (11) моторни возила се со старост од 22 до 47 години (произведени помеѓу 1974-1999 година), (58) моторни возила се со старост од 12 до 21 година (произведени помеѓу 2000-2009 година) и (57) моторни возила се со старост од 3 до 11 години (произведени помеѓу 2010-2018 година). Во однос на типови на моторни возила, СОЗР располага со (111) патнички моторни возила, (11) товарни моторни возила и (4) автобуси.
Во вкупниот број на моторни возила содржани се (45) патнички моторни возила кои се купени по пат на оперативен лизинг во 2018 година[31].
Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал за возилата, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Посебниот извештај на Комисијата за редовен попис на постојани средства 2020 година,[32] не е целосно потпишан, односно истиот не е потпишан од еден член на Комисијата. Исто така, и пописната листа на возилата/возен парк не е потпишана од еден член на Комисијата за попис на основни средства со кои располага СОЗР во Скопје и не се целосно пополнети, односно не содржи

[30]Влада на РСМ, Собрание на РСМ, Министерства, Уставен суд и други државни органи, од Списокот на возила
[31] Договор за јавна набавка на стоки 45 моторни возила по пат на оперативен лизинг(деловен закуп) со времетраење од 36 месеци број 05-2945/24 од 06.07.2018 година и се водат во вонбилансна евиденција во СОЗР
[32] Посебен Извештај на Комисијата за редовен попис на основни средства 2020 година број 02-149/11 од 29.01.2021 година

вредносни показатели, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;

- Не е извршено усогласување на податоците за возилата со кои располага Компјутерскиот програм што се наоѓа во Одделението за превоз и одржување на моторни возила со пописната листа за возилата, бидејќи списокот на возила кој е даден на ревизијата од страна на Одделението за превоз и одржување на моторни возила со состојба 31.12.2020 година, содржи (14) моторни возила повеќе од Пописната листа на возилата/возен парк со состојба 31.12.2020 година, односно не е извршено усогласување на податоците со деловните книги/сметководствената евиденција со фактичката состојба на моторните возила кои се на располагање во СОЗР, што не е во согласност со одредбите од член 29 став 1 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- И покрај тоа што од страна на Владата на РСМ донесени се одлуки за давање согласност на решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на СОЗР, на ревизијата и беше дадено објаснување дека поради непостоење на просторни услови за нивно преземање на плацот во СОЗР и поради тоа што станува збор за моторни возила кои се наоѓаат во лоша состојба, СОЗР истите физички не ги презема, односно тие возила остануваат на местата од каде било потребно да бидат преземени од страна на СОЗР. Одделението за превоз и одржување на моторни возила овие моторни возила ги евидентира на посебен список на возила доделени на СОЗР со одлуки, но физички не се подигнати. Вкупниот број на овие моторни возила, согласно списокот изнесува (37) и истите не се евидентирани во пописните листи за 2020 година што не е во согласност со одредбите од член 29 став 1 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници; и
- Во СОЗР се води предлог листа за расход на основни средства-моторни возила и нивниот вкупен број изнесува (69) моторни возила. Овие возила се чуваат на плацот кој се наоѓа околу МРТВ.



Фотографија од возила во сопственост на СОЗР на плац во МРТВ

СОЗР има преземено активности во текот на 2019 година, за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, врз основа на донесена одлука од страна на Владата на РСМ за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад[33], но на огласот не била пристигната ниту една понуда што било констатирано на записник за отворање на пријавите за учество на јавното наддавање[34]. Во 2020 година, Владата на РСМ повторно има донесено одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад[35], врз основа на која на СОЗР му се дава согласност да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно одлуката за усвојување на извештајот на ЦПК за извршениот попис на средствата изворите на средствата и побарувањата и обврските во СОЗР за 2017, 2018 и 2019 година.

[33]Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад број 44-9035/1 од 22.10.2018 година(Службен Весник на РМ број 197/2018)
[34]Записник за отворање на пријавите за учество на јавното наддавање број 08-6168/2 од 02.10.2019 година
[35]Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад број 44-11647/2 од 22.12.2020 година(Службен Весник на РМ број 309/2020)

Во 2021 година од страна на СОЗР е преземена активност за изготвување на Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр.08-6479/1 од 15.11.2021 година. Исто така, СОЗР со решение[36] има формирано комисија за расходување на основни средства, ситен инвентар, потрошен материја, прехрамбени производи, пијалоци и друго со обврска редовно да врши расходување на движните ствари, по основ на предлози за расход од извештајот на Централната пописна комисија, со приложен список на ствари кои се дадени како предлог за расход со количини, инвентарни броеви од сметководствената евиденција.

- Осигурувањето на моторните возила од автоодговорност, потполно каско осигурување со сите ризици и вклучен ризик од кражба во сите европски земји, осигурување од авто незгода, патници во јавен превоз, патничко здравствено осигурување, годишна зелена карта, се врши на начин што се спроведува постапка за јавна набавка и се склучува договор за јавна набавка на услуги-осигурување на моторни возила. Со увид во склучениот договор за јавна набавка/техничка спецификација кон договорот за јавна набавка, ревизијата констатира дека моторните возила се осигуруваат без наведување на поединечни вредности на секое моторно возило. Исто така, не се осигуруваат сите моторни возила што се во возна состојба, туку кои возила ќе бидат предмет на осигурување зависи од состојба во кое се наоѓа моторното возило во моментот на изработувањето на техничката спецификација. Во договорот е наведено дека доколку во текот на годината настане потреба за осигурување на возила кои не се наведени во спецификациите, осигурувањето за нив ќе се изврши дополнително. Ваквиот начин на осигурување на возила, може да предизвика ризик да биде пуштено во сообраќај возило кое претходно не е осигурено.

Наведената состојба предизвикува нереално и необјективно евидентирање на патничките возила во сметководствената евиденција, со што се отежнува усогласувањето на фактичката со сметководствената состојба, спротивно на одредбите од член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препораки**

Одговорното лице во СОЗР да преземе активности:

- за усогласување на податоците со кои располага Одделението за превоз и одржување на моторни возила со податоците во деловните книги/

[36]Решение за формирање на Комисија за расходување на основни средства, ситен инвентар, потрошен материја, прехрамбени производи, пијалоци и друго број 02-3085/1 од 07.07.2020 година

сметководствената евиденција и фактичката состојба утврдена со попис од друга страна,
- во врска со предлогот за расходувани возила, СОЗР да продолжи со преземените активности согласно Упатството за начинот и постапката за расходување на неупотребливите ствари[37] и донесената Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и
- за донесување на интерна процедура со која ќе биде регулирано осигурувањето на возилата и имплементација на истото.

4.2.2. Со увид во извештајот[38] на ЦПК за попис на средствата и изворите на средствата и побарувањата и обврските во СОЗР за 2020 година, утврдивме дека предлог одлуките за постапување по попис на поединечните комисии за попис и на ЦПК, всушност се повторуваат во континуитет секоја година, а преземените активности во претходните години не довеле до разрешување на настанатите состојби тоа за:
- кусок на опрема во Министерството за надворешни работи, односно опрема која останала во министерството при селење на Владата на РСМ во нови простории во 1994 година за која не било извршено примопредавање. СОЗР од тој период до денес нема увид за состојбата и движењето на таа опрема;
- кусок на опрема во поранешните подрачни единици на СОЗР низ РСМ која била користена од вработените. За истата до 2000 година, се доставувале пописни листи до СОЗР;
- кусок на опрема на локации надвор од РСМ – 1 локација во Цавтат - Република Хрватска и 5 локации во Белград - Република Србија. На овие локации не е спроведен попис во последните 20 години. СОЗР во 2009 година, се обратила до МНР со барање[39] да се воспостави комуникација со надлежни институции од Република Хрватска и Република Србија за да се регулира сопственичкиот статус на објектот и опремата во Цавтат како и опремата во 5 локации во Белград. Добиен е одговор[40] од МНР дека е неопходно да се достават податоци за: катастарски број на предметната недвижност, адреси, намена на објектите, датум до кога се користени и опис за опремата/предметите. Од страна на СОЗР доставено е известување[41] до МНР со податоци – адреси на

[37]Упатство за начинот и постапката за расходување на неупотребливите ствари број 02-6370/1 од 23.11.2020 година
[38] Извештај на ЦПК бр. 02-149/14 од 08.2.2021 година
[39] Барање до МНР бр.16-6095/1 од 18.09.2009 год.
[40] Одговор од МНР бр. 04-7704/6 од 29.07.2009 год.( треба дата 29.09.2009)
[41] Известување до МНР бр.16-6095/3 од 03.12.2009 год.

објектите како и пописни листи од опремата по објекти, а дека за објектот во Цавтат не постојат податоци од катастарска евиденција.

СОЗР на ден 23.08.2021 година, има преземено активности за изготвување на акти - решенија за отпис на основни средства на локации надвор од РСМ и тоа со: бр.05-4728/1 за објект на Јуриј Гагарин –Белград, РСрбија, бр.05-4727/1 за објект на II Булевар – Белград, Р.Србија, бр.05-4726/1 за објект „Андреа Николиќ“-Белград, Р.Србија, бр. 05-4731/1 за објект на Ужичка 25 – Белград, Р.Србија, бр. 04-4725/1 за објект на 27-ми март - Белград, Р.Србија и бр. 05 – 4724/1 за објект Вила Бањац – Цавтат Р.Хрватска, а по однос на регулирање на сопственичкиот статус на објектите надвор од РСМ се обратила со писмен допис до МНР бр. 08-6478/1 од 15.11.2021 година.

- кусок мобилни телефонски апарати и тоа на:
  - изгубени/украдени мобилни телефонски апарати (5 апарати) од кои СОЗР има документација за само еден апарат – загубен во странство во 2016 година.
  - мобилни телефонски апарати (28 апарати), дадени на користење во 2015 година, на одделението за обезбедување на Претседател на Владата на РСМ. За истите СОЗР не располага со документација за истите.
- кусок по попис за опрема која не е пронајдена на лице место во локации на СОЗР и други институции кои располагаат со опрема сопственост на СОЗР. Станува збор за опрема која не е најдена на лице место поради постојани преместувања на истата. По однос на овие состојби, СОЗР на 17.08.2021 година донела решенија за отпис на основни средства и тоа: бр. 05-4591/1 за ПЕ МНР, бр. 05-4594/1 за ПЕ ОЈО, бр.05-4595/1 за ПЕ МП, бр.05-4596/1 за ПЕ МФ, бр.05-4593/1 за ПЕ МЗ, бр. 05-4592/1 ПЕ Касарна Страшо Пинџур.
- вградени навигациони уреди и аудио апарат за возила со кои СОЗР веќе не располага. Истите се останати во возилата кои биле предмет на трајно преотстапување или продавање, а при тоа СОЗР нема записник од примопредавање на истите на други субјекти. СОЗР по однос на споменатата состојба на ден 17.08.2021 година, донела решение бр. 05-4729/1 за отпис на вградените навигациони уреди и аудио апарат за возила.
- кусок на опрема во сопственост на СОЗР која физички била отстранета од просториите на Владата на РСМ во јуни 2017 година, (мебел, електрични апарати, телефони и сл.);
- движни ствари кои се вон функција, временски и технички дотраени– посебен список за расход во извештајот на ЦПК.



Фотографии од Главен Магацин на СОЗР во објектот на поранешна Комерцијална банка

Ваквата состојба има за ефект нереално искажување на средствата - опрема и изворите на средства – капитал во билансот на состојба, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и член 29 и 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препораки**

- Одговорното лице на СОЗР во координација со надлежни институции да продолжи со отпочнатите активности за утврдување на имотот и опремата која се наоѓа на локации во други држави.
- Одговорното лице на СОЗР да преземе активности за спроведување на преземените мерки – спроведување/постапувањe по горепоменатите решенија за отпис, како и активности по останатите предлог одлуки на ЦПК за отпис на утврдените кусоци на опрема констатирани во пописот за 2020 година.

## 4.3. Попис на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалоци)

4.3.1. Вкупната вредност на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалоци) изнесува 2.989 илјади денари со состојба 31.12.2020 година.

Од увидот во документацијата од попис како и сметководствената евиденција за залихите на прехранбени производи и пијалоци, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Формирани се 2 пооделни комисии за попис на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалоци) во Клуб на органи на државната управа и во Собрание и Влада на РСМ. По извршениот попис од страна на пооделните комисии изготвени се записници и Извештај за извршен попис на залихи на стоки. Истиот не содржи податоци согласно интерните акти на СОЗР, односно извештајот несоодветствува на барањата предвидени во упатството за работа[42] на комисиите за попис и решението за формирање на комисиите[43]. Во интерните акти е предвидена содржина на извештајот која дава податоци за состојбите со залихите - кусоци и вишоци како и произнесување на комисијата по однос на настанатите кусоци и вишоци.
- Во извештајот за попис за 2020 година на ЦПК - пописот на залихите на стоки (прехранбени производи и пијалоци) е прикажан во точка 3.3. од поглавјето извештај на комисијата за попис на парични средства и побарувања со табела - за сите продажни места со состојба на 31.12.2020 година, книговодствената состојба како и утврден кусок и вишок. Покрај табелата за залихите на стоки, даден е Предлог – да се направат решенија за кусоци и вишоци, но не се дадени појаснувања за причини за настанат кусок или вишок, а предвидено во дел IV - Упатство за работа на комисиите за попис на залихи на стоките на СОЗР.

[42] Упатство за работа на комисиите за попис на залихи на стоките на СОЗР со состојба 31.12.2020 год бр.02-4836/15 од 22.11.2020 година

[43] Решение бр. 02-4836/9 од 23.11.2020 година за формирање на Комисија за попис на залихи на стоки во Собрание и во Влада на РСМ и Решение бр.02-4836/8 од 23.11.2020 година формирана е Комисија за попис на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалоци) во Клуб на органите на државната управа

Од горенаведеното произлегува дека и покрај тоа што интерните упатства за попис на СОЗР предвидуваат извештај за залихи на стоки со состојба на ден 31.12.2020 година, истиот не е изготвен на начин што обезбедува доволно податоци за состојбите утврдени со пописот како што се: причините за настанатите разлики (кусоци-вишоци), изјави на работниците кои се задолжени со стоките, предлози за расход и книжење на истите.

**Препорака**
Пооделните пописни комисии при изготвување на извештај од спроведен попис да дадат појаснување за причините за настанатите кусоци, како и вишоци, мислења, забелешки и изјави на работниците кои се задолжени со стоките, предлози за расход и нивна евиденција во деловните книги.

4.3.2. За евиденцијата на угостителското, материјалното и финасиското работење - залихите на прехранбените артикли и пијалоци, СОЗР во 2018 година, имплементирала ново софтверско решение и истото се одржува согласно договор[44] за јавна набавка на услуга - одржување на софтвер за угостителско, материјално и финансиско работење.
Согласно Правилникот за вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар[45], залихите на прехранбените артикли и пијалоци во магацинот се евидентираат по набавна вредност без вклучен ДДВ. Лицето задолжено за евидентирање ги внесува цените по артикли согласно пристигнатите фактури. Задолжувањето на ресторанитe е според набавна цена, а бифињата по продажна цена, додека раздолжувањето на магацинот и рестораните се врши на ФИФО принцип (прв влезен / прв излезен), а кај бифињата по продажни цени.
Од страна на ревизијата направен е увид во пописната документација за залихите, но е направен и контролен попис на дел од залихите -проверка во главниот магацин на ден 22.07.2021 година.
Со увид во пописната документација – пописните листи со состојба од 31.12.2020 година, лагер листата на артикли и аналитичките картици по артикал ги утврдивме следните состојби:

- Состојбата на артиклите по лагер листа и аналитички картици е усогласена само според количините, но не и според износот/набавен износ на истите.
- Издавањето на артиклите -прехранбените производи и пијалоци не се врши по ФИФО методот (прв влезен прв излезен), односно од Главниот магацин се издаваат количини по цени при што не се запазува редоследот на набавките.

[44] Договор бр.05-4883/14 од 24.12.2020 год.
[45] Правилник за вреднување на залихите материјалите, резервните делови и ситниот инвентар бр. 01-4624/1 од 19.08.2010 година

- Издавање на производи/количини од Главниот магацин по набавни цени по кои не одговараат на набавните цени.

На ден 22.07.2021 година, од страна на ревизијата извршен е контролен попис-проверка на дел од артиклите во Главниот магацин во Клубот на органите на државната управа. Извршено е физичко броење на примерок од 10 артикли и направен е увид во лагер листата како и аналитички (материјално - финансиски) картички за артиклите, при што се утврдени следните состојби:

- Постојат разлики во количините на артиклите при контролниот попис - проверка и лагер листата на артикли на ден 22.07.2021 година;
- Постои разлика во вкупно набавениот износ на артикал во лагер листата и во аналитичката картица; и
- Издавање на производи/количини без поединечна набавна цена и вредност.

Горе наведените состојби придонесуваат за појава на кусоци и вишоци како и нереален приказ на вредностите на залихите на прехранбените производи и пијалоци што има за ефект вредносно неусогласување на податоците за прехрамбени производи и пијалоци во пописот со сметководствената евиденција, а со тоа и погрешно прикажување на финансиските извештаи.

Од страна на СОЗР преземени се активности со цел подобрување на состојбите преку донесување на решение бр.02-5082/1 од 07.09.2021 година за формирање работна група која треба да изготви Единствен регистар на интерни акти во Службата.




Фотографија од Главен магацин за залиха на прехранбени производи и пијалоци-Клуб на органи на државната управа

**Препораки**

Надлежните лица во СОЗР да преземат активности за:

- преиспитување на сметководствените политики кои се донесени во 2010 година, со кои се регулирани залихите на прехранбени производи и пијалоци и

донесување на нови интерни акти со употреба на објективна метода за вреднување на залихите,
- утврдување на причините за разлики во софтверскиот програм – разлика во вкупно набавениот износ на артиклите во лагер листата и во аналитичката евиденција за истите.

### 4.4. Попис на залихи на потрошен материјал и резервни делови

4.4.1. Вкупна вредност на залихите на потрошен материјал и резервни делови изнесува 30.835 илјади денари, од кои 7.445 илјади денари се во Главниот магцин, а 567 илјади се во помошните магацини по институции.
Водењето на залихите на потрошен материјал и ситен инвентар е пропишано во Правилник за магацинско работење[46] на СОЗР и Правилник за вреднување на залихите на материјалите и резервните делови и ситниот инвентар[47], при што е предвидено залихите во магацините да се водат по набавни цени, а раздолжувањето да се врши по ФИФО метода (прв влезен – прв излезен). Материјалната и сметководствена евиденција на залихите се води во софтверски програм (Систем на интегрирано планирање на ресурсите на државни институции) обезбеден од МИОА[48], а СОЗР е во улога на корисник на истиот. Во моментот на извршување на ревизијата нема активен договор за одржување на софтерскиот програм.
Со пописот на потрошниот материјал за 2020 година, констатирано е дека фактичката состојба е усогласена во целост со сметководствената евиденција.
Со пописот на ситниот инвентар констатирани се кусоци и вишок при што комисијата дала предлози за отпис на кусоци, односно воведување на вишокот во евиденција.
Ревизијата изврши увид во документацијата од попис како и увид во софтверскиот програм по кој се води евиденцијата на потрошниот материјал во Главниот магацин и магацинот за резервни делови и ги констатира следните состојби:
- Во 2020 година, во лагер листа (ЛЛ) количините се прикажани со почетна состојба, влез и излез, но вредноста на материјалите не е точна поради двојни износи на ДДВ кај некои артикли. Исто така, кај некои артикли е внесена продажна вредност наместо набавна цена по која количините се издаваат. Ваквата состојба доведува до зголемување на вредноста при издавањето на материјалите кое влијае на вредноста на салдото на залихите на материјалите;
- Месечната евиденција за влез и излез на материјали во магацинот на СОЗР не е точно и навремено прикажана. Причина за оваа состојба е ненавремено

[46] Правилникот за магацинско работење на главниот магацин во СОЗР на Владата на РСМ, бр.01-1398/1 од 19.02.2008 година
[47] Правилник за вреднување на залихите на материјалите и резервните делови и ситниот инвентар, бр.01-4624/1 од 19.08.2010 година
[48] Извадок од Нацрт записник од 104 седница на Владата на РМ од 07.12.2015 год. бр.42-11064/1 од 07.12.2015 год.

евидентирање на влезни фактури со приемници кое се случува поради задоцнето доставување на истите во сметководството од страна на лицата задолжени за контрола и согласни за исплата. Ваквата состојба предизвикува да институциите кои користат /подигнуваат потрошен материјал не се тековно известени за состојбата на лагер листата –ЛЛ и за тоа колку имаат подигнато потрошен материјал од Главниот магацин; и
- Поради неприкажани поединечни цени на дел од залихите на материјалите во софтверскиот програм неможе да се утврди дали издавањето на потрошниот материјал се врши според методот ФИФО што не е во согласност со сметководствените политики.

Поради недостатоци на лагер листата -ЛЛ, во 2020 година, креирана е уште една лагер листа, ЛЛПС -со податоци за почетна состојба, влез и излез на потрошен материјал. Ревизијата утврди состојби и кај оваа листа и тоа:
- Почетната состојба на залихите во софтверскиот програм не е одделно прикажана, туку е внесена во колоната за влез и неможе да се направи разграничување помеѓу почетната состојба и влезот на количините во текот на годината. Аналитичките картици кои произлегуваат од оваа лагер листа се вредносно и количински усогласени.
- Оваа листа ги содржи сите поединечни набавни цени, а со тоа и реален приказ на вредноста на артиклите на залиха. Завршната сметка за 2020 година, е изготвена со податоци за залихите на материјали и резервни делови од оваа ЛЛПС.

Горе наведените состојби упатуваат на ризик дека во софтверскиот програм за залихи на материјали за 2020 година, не се реално вредносно прикажани и имаат за ефект вредносно неусогласување на податоците за залихите на материјали во пописот со сметководствената евиденција, а со тоа и нивно погрешно прикажување во финансиските извештаи.

Со ревизијата го опфативме програмот за евиденција на материјалите за 2021 година, при што утврдивме дека сеуште постојат двете лагер листи: ЛЛ со недостатоците од претходната година (истите не се отстранети) и ЛЛПС која повторно ги има недостатоците кои се констатирани во софтверскиот програм за главниот магацин и магацинот за резервни делови, и тоа:
- почетната состојба на количините е искажана во посебна колона и истата се содржи и во колоната влез со што неможе да се разграничи приемот -влезот на количини за тековната година;
- кај одредени артикли не се прикажува поединечна цена и вредност – поединечните цени сеуште не се внесени, што има за ефект точен приказ на количините но не и на вредноста на истите и
- поради неприкажани поединечни цени кај одредени артикли неможе да се утврди дали издавањето на потрошниот материјал се врши според методот ФИФО.

**Препораки**

Надлежните лица во СОЗР да преземат активности за:

- преиспитување на интерните акти со кои се регулирани залихите на потрошен материјал и донесување на нови интерни акти со употреба на објективна метода за вреднување на залихите,
- утврдување на причините за разлики во софтверскиот програм – неприкажување на поединечни цени на артиклите со кои се утврдуваат вредностите на истите.
- Воспоставување на интерни контроли и упатства за работа за навремено доставување и евидентирање на влезни фактури со приемници во сметководството.

### 4.5. Попис на обврски спрема добавувачи, побарувања од купувачи и вонбилансна евиденција

4.5.1. На сметката на основен буџет-637 направен е попис на обврски кон добавувачи во вкупен износ од 334.636 илјади денари.

Во извештајот од пописот за 2020 година на ЦПК, обврските се прикажани со старосна структура по години. Изготвен е и прилог кон извештајот на ЦПК-Преглед на неизмирени обврски кон добавувачи по години и комитенти, но во истиот нема податоци за тоа дали СОЗР е тужена од страна на добавувачите, дали има прекин на застареност по основ на добиена опомена од страна на добавувачот како и тоа дали се направени меѓусебни усогласувања со цел потврда на салдата на 31.12.2020 година. Оттука призлегува дека пописот на обврските во СОЗР е со нецелосни податоци за неизмирените обврски.

Во Извештаите на ЦПК од изминатите години во континуитет содржан е предлог - одделението за нормативно правни работи во соработка со Одделението за сметководствено работење да ги утврди фактите дали постои основ за отпис поради застареност, но по истиот не е постапено.

Ваквата состојба не е во согласност со членовите 19 и 21 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, член 31-в од Правилник за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 6 од Упатството за начинот за вршење на попис на побарувања и обврски.

Во тек на вршење на ревизијата испратени се деветнаесет (19) конфирмации до добавувачи со цел обезбедување на податоци за усогласување на побарувања и обврските со состојба на 31.12.2020 година. Одговор на истите е добиен од тринаесет (13) добавувачи, од кои кај три (3) има несогласување на салдата од обврските на СОЗР кон добавувачите, или 23% од примерокот од салдата на сметката Обврски кон добавувачите се неусогласени.

Исто така, испратени се пет (5) конфирмации до добавувачи со цел обезбедување на Податоци за усогласување на побарувања и обврските со состојба на 31.12.2020 година, и за сметката 787. Одговор е добиен од два (2) добавувачи во кои е прикажано

несогласување на салдата од обврските на СОЗР кон добавувачите, или 40% од примерокот на салдата на обврски кон добавувачи се неусогласени.

Горенаведената состојба има за ефект нереален приказ во сметководствената евиденција/деловните книги на сметката Обврски кон добавувачите со пописот на ден 31.12.2020 година.

Во тек на ревизијата изготвени се решенија за отпис на дел од неизмирените обврски кон добавувачите.

СОЗР започнала со преземање на активности за надминување на наведената состојба преку донесување на решение бр.02-5082/1 од 07.09.2021 година за формирање работна група која треба да изготви Единствен регистар на интерни акти во Службата.

**Препораки**

- Надлежните лица во СОЗР да преземат активности за спроведување на записничко меѓусебно усогласување на евиденциите помеѓу СОЗР и добавувачите кон кои има неизмирени обврски - потврда на салда на 31.12.2020 година, како и салда до денот на меѓусебното усогласување;
- комисија за редовен или вонреден попис на обврските да отпочне и спроведе активности со цел утврдување на фактичката состојба и давање на предлог за постапување по истите.
- При спроведување на попис Комисијата за попис на парични средства и побарувања и обврски на СОЗР, да изготвува преглед старосна структура на обврските кон добавувачите како и поткрепувачка документација за неизмирените обврски.

4.5.2. Со увид во пописната документација за сметката побарувања од купувачи, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во извештајот на ЦПК за сметка на основен буџет- 631, побарувањата од правни лица се во вкупен износ од 5.450 илјади денари. Истите се по основ на рефундација, закупнини, копирање, превоз, а во пописните листи – прилог на извештајот на ЦПК, се прикажани по комитенти и старосна структура. Во извештајот нема опис дали за секое поединечно побарување е дадена опомена, причини за застареност или преземени мерки од страна на службите и нема предлози за евентуална исправка на вредноста на побарувањата и
- сомнителни и спорни побарувања од купувачите се во вкупен износ од 770 илјади денари и се презентирани во посебна спецификација-2 побарувања, при што е објаснета причината за настанување на само едно побарување.

Горенаведената состојба упатува на заклучок дека пописот на побарувањата не е извршен согласно членовите 33 и 34 од Правилникот за сметководство на буџет и

буџетски корисници[49] како и Упатството на комисијата за попис на парични средства и побарувања.
Во тек на ревизијата од страна на службите во СОЗР, изготвени се решенија за отпис на побарувања, како и опомени за наплата на побарувањата.
Со цел обезбедување на Податоци за усогласување на побарувања и обврските со состојба на 31.12.2020 година, испратени се конфирмации до купувачите за сметката 787. При тоа од испратени единаесет (11) конфирмации, добиен е одговор од три (3) добавувачи и кај сите има несогласување на салдата од побарувања на СОЗР кон купувачите, или 27,3% од примерокот на салдата на побарувања од купувачите се неусогласени.
Во насока на подобрување на гореспоменатите состојби СОЗР донела решение бр.02-5082/1 од 07.09.2021 година за формирање работна група која треба да изготви Единствен регистар на интерни акти во Службата, а донела и решение бр.02-6476/1 од 15.11.2021 год. за формирање на Комисија за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вонбилансната евиденција.

Препораки

- Комисиите за попис на побарувањата да ги наведуваат причините за неусогласеност на истите, како и да предлагаат активности за нивна навремена наплата.
- комисијата за редовен или вонреден попис на побарувањата да отпочне и да спроведе активности со цел утврдување на фактичката состојба и давање на предлог за постапување по истите.
- Одговорното лице да продолжи со активностите по донесените решенија за отпис на побарувања и опомени и наплата.
- Надлежните лица во СОЗР да преземат активности за спроведување на записничко меѓусебно усогласување на евиденциите помеѓу СОЗР и купувачите кон кои има побарувања - потврда на салда на 31.12.2020 година, како и салда до денот на меѓусебното усогласување со цел реален приказ на побарувањата со попис на ден 31.12.

4.5.3. Во финансискиот извештај -Биланс на состојба со датум 31.12.2020 година, евидентирана е вонбилансна евиденција во износ од 126.213 илјади денари која се однесува на објекти без имотни листови, опрема за возила, расходувани возила, возила кои се преотстапени, возила на лизинг, ХТЗ опрема од надворешен економски оператор кој повеќе не постои како правно лице, опрема –ограда. Во извештајот за пописот за 2020 година, истата не е опфатена, со увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- дел од вонбилансно евидентираните објектите се срушени – непостоечки, а дел немаат имотни листови и регулиран имотно правен статус;

[49] Пречистен текст – Сл.весник на РМ 28/03, 62/06, 8/09,175/11, 101/13

- дел од опрема е преотстапена или продадена во минати години и
- возила набавени врз основа на склучен договор за лизинг, поради што истите се водат вонбилансно се до траење на договорот за лизинг.

Горенаведените состојби освен за дел од објектите и возилата набавени со договор за лизинг, имаат за ефект на нереално искажана вонбилансна евиденција, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
СОЗР преземало активности за надминување на горе наведените состојби преку донесување на решение бр.02-6476/1 од 15.11.2021 година, за формирање на Комисија за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вонбилансната евиденција.

**Препораки**
Одговорното лице на СОЗР, да преземе активности за;
- обезбедување на соодветна документација за регулирање на имотно правниот статус на недвижностите и изготвување на информации до Владата на РСМ за објекти кои повеќе не постојат заради нивно отпишување од евиденцијата и
- комисија за редовен или вонреден попис на вонбилансната евиденција да отпочне и спроведе активности со цел утврдување на фактичката состојба и давање на предлог за постапување по истата.

## 5. Ревизорски заклучок

Пописот на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР е нецелосен и во одредени сегменти не е постапено согласно законската регулатива, спроведувањето на пописот е од страна на пописни комисии но дел од пописни листи се некомплетно потпишани, поради не воспоставена внатрешна евиденција на недвижни ствари и невоспоставена организациона единица која ќе биде задолжена за евиденција на недвижните ствари кои ги користи СОЗР, истите не можат да бидат внесени во сметководствената евиденција, не е извршено утврдување на фактичката состојба со пописот и усогласеност на податоците во деловните книги / сметководствената евиденција со фактичката состојба на побарувањата, обврските и вонбилансната евиденција, не се утврдени причините за утврдените разлики со пописот, извештаите на пописните комисии не реално ја прикажуваат состојбата на средствата и обврските во СОЗР иако извештајот од попис на ЦПК е усвоен од страна на одговорното лице, дадените препораки во извештајот од спроведениот попис не се спроведуваат.

## Влада на Република Северна Македонија

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**Архивски број:** 14 - 1400/8

16-11-2021 **година, Скопје**

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. „Павел Шатев" бр. 2 (Палата „Емануел Чучков")
1000 СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ, SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 17.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| | 13-199/13 | | |

**Предмет: Забелешки по Ваш акт**
**Врска: Ваш бр. 13-199/12 од 06.10.2021 година**

Почитувани,

Во врска со Вашиот акт под горенаведениот број, Нацрт Извештај за извршена ревизија на усогласеност со тема попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Службата) заверен со бр.14-1400/7 од 12.11.2021 година, по негово разгледување, Службата смета дека некои од констатираните состојби се погрешно и делумно претставени.

Подетално за секоја констатирана состојба, наведуваме подолу:

Во делот на Резимето и Ревизорскиот заклучок, каде е наведено дека Пописот на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР не е спроведен согласно постојната законска регулатива, сметаме дека констатацијата е престрога, од причина што Службата пописот и сите чекори во врска со истиот ги организира и ги презема согласно законската регулатива која ја регулира предметната материја, но не го оспоруваме фактот дека се направени делумни пропусти во одредени сегментиод пописот, нопогрешна е констатацијата дека не е спроведен пописот согласно закон. Тука, сметаме дека ревизорската екипа не ја претставила реалната состојба која во целост им беше прикажана во текот на нивниот престој во Службата. По однос на наведеното, укажуваме на следните моменти кои не се прикажани од страна на ревизорската екипа, а кои и беа укажани:

- Причина за недоследна примена на законската регулатива за спроведување на попис и интерните акти,Упатството за работа на комисиите за попис и Решението за формирање на комисиите, е составот на пописните комисии, односно за членовисе избрани лица, од редот на вработените во Службата,од сите организациони единици, заради овозможување на објективност при прикажувањето на констатираната состојба, но сите не располагаат со стручни познавања од сите сегменти на работењето на Службата;
- Како отежнителна околност за доследно спроведување на пописот, е не постоењето на внатрешна евиденција на недвижни ствари со кои располага Службата во форма на официјален акт (Единствена книга на недвижности), како и непостоењето на организационен облик со надлежност за евиденција на недвижните ствари со кои СОЗР располага, односно ги има на користење согласно одлуки на Владата на


Влада на Република Северна Македонија
Служба за општи и заеднички работи
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3146-700
www.vlada.mk

Република Северна Македонија (ВРСМ), со што би се овозможило појасно прикажување во сметководствената евиденција;

- Препораките од Извештајот на ЦПК, усвоен од страна на раководното лице на Службата се спроведуваат, не дека истите не се спроведуваат но спроведувањето кај многу состојби првенствено не зависи од самото работење во Службата, потоа поради недостатокот на вработени лица на соодветни работни позиции и слично;
- Алинејата од Резимето која се однесува на солемнизацијата на Договорот за купопродажба помеѓу Службата и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката е безпредметна, од причина што станува збор за техничка грешка односно еден примерок е пропуштен да биде верификуван со своерачен потпис од раководните лица – потписници на договорните страни, останатите примероци се потпишани и заверени согласно одредбите од Законот за нотаријатот, факт кој им е познат и објаснет на членовите на ревизорската екипа. Од тука во делот 2.2., кај Законска регулатива безпредметно е да се наведува алинејата „Закон за нотаријат („Службен Весник на РМ" број 72/16, 142/16, 25/18 и 233/18) и („Службен Весник на РСМ" број 70/20 и 191/20)". Исто така, поради пертходнонаведеното, треба да биде избришана и првата алинеја од делот 4.1.2.;
- Во алинејата за Договорот за закуп на 11 бифеа, заради давање на угостителски услуги, погрешна е констатацијата дека постапката е спроведена без претходно да се усогласат состојбите поврзани со недвижните ствари-деловни простории, од причина што целокупната постапка е спроведена согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Преземени се сите потребни чекори и дејствија и пред поднесувањето на Информацијата до ВРСМ, а преземени се и сите дејствија кои следат по донесувањето на Одлуката на ВРСМ со која се задолжува Службата да ја спроведе постапката за доделување под закуп на недвижни ствари сопственост на РСМ, на економски оператори единствено заради давање на угостителски услуги. Во овој случај и воопшто во вакви ситуации со ваков предмет за постапување, СОЗР како инволвиран субјект не создава состојба, ниту податоци, туку истите ги обезбедува во форма на документација од надлежност на други органи (Имотни листови – од АКН; Вештачење – од Биро за судски вештачења итн.). Понатаму, Службата не е последна инстанца која одлучува по прибраната документација од други органи – од формално–правен аспект пред да биде донесена одлука од страна на ВРСМ, усогласување со позитивната законска регулатива на предлог – одлуките врши Секретаријатот за законодавство;
- Што се однесува на забелешката дека утврдени се разлики во количините и набавениот износ на артикал во лагер листата и аналитичката евиденција на ден 22.07.2021 година при проверка на лице место и издавање на количини без

поединечна набавна цена и вредност, сметаме дека не е соодветно да стои во резимето на ваков начинзатоа што не претставува констатација на генералната состојба во Службата, од причина што станува збор за ситуација предизвикана од неправилности во функционирањето на програм чиј носител е МИОА, а Службата се јавува само како корисник.

- Констатацијата дека вонбилансната состојба не е опфатена со пописот и нереално е прикажана во деловните книги, не ја отсликува вистинската состојба, од причина што вонбилансната состојба како таква е прикажана во пописот и за надминување на истата по однос на конкретни ставки наведени во неа, веќе се преземени дејствија и се во процедура на утврдување на точен статус.

Во точката 4.1.1., првенствено констатирано е дека се што се однесува на евиденција на недвижности во Службата, обврската на Службата за водење евиденција на недвижности е претставена на основа, која произлегува од акт кој повеќе не е во важност, од која причина, се дава погрешна слика за состојбата во Службата, и се наметнува обврска и пропуст, кој произлегува од невалиден законски акт, не доволно јасно и концизно, е прикажана обврска која законски произлегува за Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи и АКН, за обврска на Службата. Имено, законските одредби на кои се повикуваат членовите на ревизорската екипа, не се во важност уште од 2016. Односно,обврската која произлегува од член 61 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, е обврска, која со бришењето на овој член од Законот, со Законот за изменување и дополнување објавен во „Службен весник на РМ" бр. 190/2016 повеќе не е законска обврска за субјектот. Понатаму, конкретно на посоченото дека Службата има обврска да води евиденција за недвижности за ВРСМ, сметаме дека исто така не е точно прикажана состојбата, и покрај остварените разговори со членовите на ревизорската екипа и остварениот увид во предметната документација, односно, ревизорската екипа дава погрешна интерпретација и толкување на одредбите од Одлуката за основање на Службата. Имено, Службата услугите од своја надлежност ги извршува доколку истите претходно се договорно уредени, или за користење на истите е побарано од корисникот, или е донесен соодветен акт. Услугите од надлежност, како водењето евиденција на недвижни ствари за ВРСМ, утврдени во Одлуката за основање на Службата се реализираат и само доколку се побарани од страна на корисникот, во случајот ВРСМ, за што се склучува Договор за вршење општи и заеднички работи и услуги. Во членот 4 од Одлуката се таксативно наброени услугите и работите кои се од надлежност на Службата, и дека своето работење не смее да го врши надвор од тие рамки, но дека тие работи и услуги може, но не мора да ги извршува за субјектите кои се уредени во членот 2 од Одлуката, доколку истите не се побарани од самите субјекти. Така да, таа обврска не е облигаторна за Службата со самото тоа што е наведена во Одлуката. Ревизорската екипа, при прикажување на затекнатата состојба, не се потрудила и го избегнала моментот да ја

прикаже основата од каде произлегува тоа. Ја прикажува се уште како обврска на Службата, евиденцијата на недвижностите, иако со Одлуката за востановување и водење на внатрешна евиденцијана имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи бр. 23-5070/1 од 04.09.2001 година на ВРМ, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 76/2001, со членот 4 од истата е уредено дека со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важат одредбите од член 4 од Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98) кои се однесуваат на востановување на внатрешна евиденција на недвижностите кои ги користат органите на управата и други државни органи. Единствената забелешка која може да се даде на Службата по однос на целиот предмет од точката 4.1.1. , со што треба во целост да се преформулира и Препораката, е дека Службата треба да продолжи со преземање на активности за спроведување на членот 4 од Одлука за востановување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи (Службен Весник на РМ број 76/2001). Понатаму, сметаме дека многу подетално треба да биде објаснета ситуацијата во врска со обврската на Управата за имотно правни работи која од Службата не ја преземала документацијата и архивата во однос на дотогаш устроената внатрешна евиденција. Да се укаже на фактот дека пропустот кој го има Службата е дека уште од 2001 година нема преземено дејствија за реализација на предметната Одлука. Пасосот во кој е направен обид да се објасни ситуацијата со неводење на евиденција за недвижности, со наведување на обврски за АКН, е крајно збуновачки и двосмислен, доколку се чита од страна на неупатени лица, за реалната состојба, дека токму тоа, невоспоставената единствена евиденција врз основа на Единствен идентификационен број за недвижен имот во државна сопственост, како и за недвижниот имот во државна сопственост кој го користат државните органи и правните лица основани од државата, и како и се уште не воспоставениот еКат систем за воспоставување на регистар на недвижен имот во државна сопственост, како обврска и надлежност на АКН, земајќи го во предвид делокругот на работа на СОЗР, дополнително го отежнува нејзиното функционирање.

Без образложение и повторно со наметнување на непостоечка обврска, што дава погрешна слика, од страна на ревизорската екипа е изнесен фактот дека во 2013, 2014 и 2015 година Службата доставувала податоци за Евидентната книга на недвижности до АКН, но не водела Евидентна книга и тука завршува, без да наведе дека таа обврска е извршувана согласно одредбите од тогаш важечкиот Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а наведувајќи ја непостоечката обврска за водење на евидентна книга.

Реално гледано, целиот текст е неконцизно сроченбез постоење на след на настаните кои се изнесуваат, што доведува до забуни. Во целиот текст не се дава можност да се разграничи периодот на важење на акти, врз кои се заснова постапувањето на Службата во

конкретни временски интервали, што прикажувајќи го на таков начин овој сегмент од работењето на Службата, се остава впечаток дека не е постапувано согласно законски одредби и подзаконски акти, што е далеку од вистината и реалната фактичка состојба. Од таа причина, подолу ви го презентираме текстот од точка 4.1.1. кој би бил реален, со кој состојбата е претставена низ призма на важечките законски акти, и без слободнотолкување на одредбите на Одлуката за основање на Службата, земајќи во предвид акт кој е важечки, но не спроведен, со кој целата обврска која се наметнува на Службата од страна на ревизорската екипа, е непостоечка. Текстот треба да гласи:

*„4.1.1. Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ е основана со Одлука за основање на СОЗР . Од донесувањето на одлуката до денес, истата е 23 пати изменувана и дополнувана , при тоа не е изготвен официјален пречистен текст на одлуката.*

*Како една од надлежностите на СОЗР наведена во Одлуката за основање е надлежноста да води внатрешна евиденција на недвижностите кои таа ги користи за потребите на Владата на РСМ, доколку истите претходно се договорно уредени, или за користење на истите е по барано од корисникот, или е донесен соодветен акт.*

*Во 2001 година, била донесена Одлука за востановување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи . Со одредбите од Одлуката истовремено е уредено дека Министерство за финансии-Управата за имотно правни работи е надлежна за работите на востановување и водење на внатрешна евиденција за имотот што го користи Собранието на РСМ, Претседателот на државата, Владата на РСМ, Уставниот суд и Републичкиот судски совет и со членот 4 од истата е уредено дека со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важат одредбите од член 4 од Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98) кои се однесуваат на востановување на внатрешна евиденција на недвижностите кои ги користат органите на управата и други државни органи. Иако оваа одлука сеуште е со важност, по истата не е постапено од страна на Управата за имотно правни работи која од СОЗР не ја преземала документацијата и архивата во однос на дотогаш устроената внатрешна евиденција. СОЗР нема преземено дејствија во насока на измена на Одлуката за нејзиното основање согласно претходнонаведената Одлука, сметано уште од нејзиното влегување во сила.*

*Поради тоа што ревизијата констатира дека заклучно со денот на вршењето на ревизијата, СОЗР не води внатрешна евиденција на недвижностите преку водење на Евидентна книга на недвижности, обврска која произлегува од член 61 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со*

*стварите во општинска сопственост, обврска, која со бришењето на овој член од Законот со Законот за изменување и дополнување објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 190/2016 повеќе не е законска обврска за субјектот, а поради значајноста на материјата/документот заради потребите на предметот на ревизијата, ревизијата упати допис до Агенцијата за катастар на недвижности од каде ни беа доставени податоци. Од податоците со кои располага Агенцијата за катастар на недвижности, ревизијата констатира дека СОЗР постапувала согласно одредбите од тогаш важечкиот Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно доставувал податоци за внесување во Евидентна книга за недвижности што ги користат државните органи заклучно за 2013, 2014 и 2015 година која е во надлежност на АКН, но не и дека водела Евидентна книга за свои потреби . Со одредбите од членот 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост , како што е претходно наведено, се укинува обврската државните органи да водат Евидентна книга на недвижностите кои ги користат. Започнувајќи од 2016 година, согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, за Агенцијата за катастар на недвижности е предвидена обврска да воспостави единствена евиденција врз основа на Единствен идентификационен број за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата. Исто така, Агенцијата за катастар на недвижности врши надградба на еКат системот за воспоставување на регистар на недвижен имот во државна сопственост, но до денот на ревизијата се врши тестирање на истиот. Со ваквото воспоставување на единствена евиденција врз основа на Единствен идентификационен број за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата, во иднина се очекува дека ќе се надминат долгогодишните проблеми со кои се соочуваат државните органи при водењето на евиденцијата на недвижностите, бидејќи на едно место ќе биде евидентиран целиот недвижен имот. Не воспоставената единствена евиденција врз основа на Единствен идентификационен број за недвижен имот во државна сопственост, како и за недвижниот имот во државна сопственост кој го користат државните органи и правните лица основани од од државата, и како и се уште не воспоставениот еКат систем за воспоставување на регистар на недвижен имот во државна сопственост, како обврска и надлежност на АКН, земајќи го во*

*предвид делокругот на работа на СОЗР, дополнително го отежнува нејзиното функционирање.*

*СОЗР до денот на ревизијата во своите интерни акти (Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР ) СОЗР нема предвидено точно определено работно место/организационен облик што ќе биде надлежен за водење на внатрешна евиденција на недвижноста што ја користи или е во сопственост на СОЗР. Евиденцијата произлегува од тековното работење на засегнатите организациони единици.*

*Заради надминување на погоре констатираната состојба, односно за воспоставување на внатрешна евиденција на недвижниот имот, со новиот Правилник за внатрешна организација на СОЗР и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР проширена е надлежноста на Одделението за инвестиции, нови градби и евиденција на недвижности во насока на евиденција на недвижности и предвидено е работно место Помлад соработник за евиденција на недвижности. Обврските кои произлегуваат и се утврдени за ова работно место во текот на ревизијата се пренесени со Решение за овластување за вршење на работи и задачи , на вработено лице на неопределено време во СОЗР.*

*Во писменото известување дадено од одговорното лице на СОЗР до ревизијата , меѓудругото е наведено дека заради надминување на констатираната состојба во тек е постапка за донесување на решение за формирање на работна група за изготвување на Регистар на недвижни ствари (евиденција) кои ги користи СОЗР. Исто така, во даденото писмено известување е наведено дека СОЗР пристапува кон изменување и дополнување на Одлуката за основање и Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, заради изнаоѓање на решенија за уредување на прашањата поврзани со надлежностите кои ги врши.*

***Препорака***

*СОЗР да преземе активности за спроведување на членот 4 од Одлука за востановување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи (Службен Весник на РМ број 76/2001) и во таа насока да продолжи со активностите во делот на ажурирање на одлуката за основање.“*

Во точката 4.1.2. погоре е дадена забелешка по однос на првата алинеја, а по однос на втората алинеја, сметаме дека исто така треба да биде избришана, затоа што надлежен во делот од процесот на носење на Одлуки од страна на ВРСМ по Информација/Предлог од страна на државен орган, дел кој се однесува на контрола на формално-правниот аспект на Одлуката е Секретаријатот за законодавство, кој доколку најде дека предлог одлуката пред да биде донесена од страна на Владата истата ја усогласува со подносителот на информацијата/предлогот, а по усогласувањето ја доставува на Владата заради нејзино

донесување.Предмет на договорот за купопродажба, е конкретната недвижност која од сопственост на продавачот преминува во сопственост на купувачот, а меѓусебните односи и начинот на користење на недвижната ствар доколку истата ја користат повеќе субјекти, од пракса, помеѓу државните органи се склучуваат спогодби за користење на услуги и заедничко располагање со недвижната ствар. А што се однесува на констатираната разлика во податоците изнесени во третата алинеја, како што им беше и укажано на членовите на ревизорската екипа, а по консултација со Секретаријатот за законодавство, ќе се постапи кон преземање на дејствија за исправка на истите, по завршување на изборниот процес. Па така,Службата со Информација за потреба од исправка на Одлука за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба бр. 44-11846/3 од 10.12.2020 година на ВРСМ објавена во „Службен весник на РСМ" бр. 295 од 14.12.2020 година, заверена со бр. 08-6481/1 од 15.11.2021 годинаја извести ВРСМ, заради преземање на понатамошни дејствија во насока на исправка на предметната Одлука.

Во точката 4.1.2 кој се однесува на Договорот за закуп на 11 бифеа, пасосот во кој ревизорската екипа изнесува свој став за претпоставен ризик од склучување на договор за закуп спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, сметаме дека истиот е произлезен од делумниот увид во целокупната документација, без да се запази хронолошки аспект на настаните и документација, кои му претходат на склучувањето на Договорот. Првенствено, Службата пред да ја пушти Информацијата до Владата по која истата треба да донесе Одлука, потребните податоци и информации ги обезбедува во форма на официјални документи издадени од надлежни органи, кои стојат позади нивната веродостојност. Така како прилог кон Информацијата, Службата приложи вештачење изготвено од Бирото за судски вештачења, како и имотни листови издадени од АКН. Понатаму, како што и погоре е наведено, надлежен во делот од процесот на носење на Одлуки од страна на ВРСМ по Информација/Предлог од страна на државен орган, дел кој се однесува на контрола на формално-правниот аспект на Одлуката е Секретаријатот за законодавство, кој доколку најде дека предлог одлуката не е во ред пред да биде донесена од страна на Владата истата ја усогласува со подносителот на информацијата/предлогот, а по усогласувањето ја доставува на Владата заради нејзино донесување. На ревизорската екипа и е овозможен увид во целокупната документација со образложение за секој преземен чекор од страна на Службата и по однос на секој документ од досието по Договорот за закуп, а воедно дадена е копија и од побараната документација. Нема простор за спротивно постапување на предметниот закон, бидејќи видно од списите, податоците во Договорот за закуп не се разликуваат од актите кои му претходат.

Па оттука, втората алинеја од препораката која се однесува на точката 4.1.2 треба да се избрише согласно погоре наведеното објаснување.

По однос на првата алинеја од точката 4.1.3, станува збор за дел од парцела која припаѓа на Меѓународен аеродром Скопје, а дел кој е доделен на Службата заради користење за службени потреби и извршување на работни задачи од надлежност на Секторот за превоз и одржување на воздухоплови, но во моментот кога е започната постапка за реконструкција на хангарот, со намера да биде искористен предметниот простор, констатирано е дека не е на соодветна локација (погрешен). Имаше обид за размена согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, но не се реализираа, поради што Службата до ВРСМ поднесе Информација за поништување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 41-4822/1 од 23.07.2013 година на Владата на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 106 од 29.07.2013 година, заверена со бр. 08-6480/1 од 15.11.2021 година,со која бара предметната Одлука да биде поништена.

Во втората алинеја од точката 4.1.3. погрешна е констатацијата на ревизорската екипа дека Службата во деловните книги/сметководствената евиденција има градежни објекти без Имотни листови и градежно земјиште кое се води во сметководствената евиденција во СОЗР, а над кое СОЗР нема право на фактичко владение и за кое нема обезбедено документација, од причина што СОЗР го нема во фактичко владение и за кое не поседува целокупна документација ЗАТОА ШТО делумнаи нецелосна е документацијата која ја поседува, во спротивно не би била воопшто позната оваа состојба и не би се евидентирала во евиденцијата на Службата.

По однос на недвижностите и градежните земјиштанаведени во четирите алинеи кои произлегуваат од овој пасос, Службата го дава следното образложение: Службата се обрати до АКН за ИЛ со Барање за издавање на Имотен лист бр. 08-5423/2 од 23.09.2021 година и бр. 08-5423/1 од 23.09.2021 година, и формирана е Комисија со Решение за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со недвижни ствари и градежно земјиште бр. 02-6477/1 од 15.11.2021 година, која има за задолжение во рок од три месеци да извршиувид на терен заради обезбедување на точна фактичка состојба, доколку е потребно да се обрати и до надлежни органи заради дообезбедување на податоци, по што врз основа на изготвениот Извештај од Комисијата ќе биде изготвена Информација до ВРСМ да се одземат предметните недвижности од Службата поради неповрзаност со нејзината надлежност. Комисијата има задолжение да го констатира статусот и да обезбеди документација по однос на градежното земјиште за објектите од втората алинеја и да достави Извештај, согласно кој ИзвештајСо информација до ВРСМ ќе се побара да се избрише од евиденција земјиштето под објектите и да се задолжи АКН да го спроведе тоа во ИЛ, согласно фактот дека ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ воспоставил заемна и нераскинлива врска на објектот и земјиштето и право земјиштето да служи за редовна употреба на објектот. Понатаму, во однос на недвижностите надвор од Република Северна Македонија, Службата повторно се обрати до Министерството за надворешни работи, со

допис бр. 08-6478/1 од 15.11.2021 годиназаради посредување при обезбедување на податоци, согласно кои, Службата ќе може да изготви Информација за предлог за понатамошно постапување по однос на предметните недвижности.

Неточна е констатацијата на ревизорската екипа во последната реченица од четврата алинеја дека не и била доставена документација на увид, од причина што и беше овозможен увид во документацијата со која во моментот располагаше надлежната организациона единицаЗАТОА ШТО во зависност од барањата на ревизорите сета расположлива документација им е дадена во хартиена копија или на увид.

По однос на констатациите пред препораките во точката 4.1.3, реалната состојба е дека и покрај преземените активности во некои случаи, иако само парцијални активности во насока на регулирање на статусот на наведените недвижни ствари, се уште нема финална разрешница, ЗАТОА ШТО активности за разрешување на состојбите се преземани, но се уште не се завршени, а тоа не значи дека не е постапено, нерегулираниот статус на недвижните ствари, ја оневозможува Службата во целост да постапи согласно одредбата од членот 29 став 1 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно не може да спроведе усогласување на фактичката состојба утврдена со пописот со сметководствената состојба.

Согласно претходно наведеното објаснување за точките од 4.1.3, сметаме дека препораката треба да биде коригирана во насока дека Службата треба да продолжи со преземање на дејствија, по однос на веќе започнатите постапки за регулирање на правниот статус на недвижните ствари во соработка со надлежните државни органи, како и да преземе мерки и активности за регулирање на состојбитеза недвижните ствари за кои досега не се преземени дејствија и да достави Информација до Владата на РСМ за да се добијат насоки за регулирање на правниот статус за недвижните ствари за кои не би се остварила разрешница по претходно преземени дејствија пред други надлежни органи.

Во однос на точката 4.2.1, поточно на втората алинеја, каде ревизорската екипа наведува дека не е извршено усогласување на податоците за возилата со кои располага Компјутерскиот програм што се наоѓа во Одделението за превоз и одржување на моторни возила со пописната листа за возилата, сугерираме на нејзино отстранување, или евентуално коригирање, од причина што усогласувањето помеѓу списокот од компјутерскиот програм во Секторот за превоз со моторни возила и нивно одржување, вклучувајќи и други интерни списоци од Секторот со пописната листа на возила како основни средства е извршено во текот на спроведување на ревизијата од страна на ревизорската екипа и усогласените списоци се ДОСТАВЕНИ НА УВИД НА РЕВИЗОРИТЕ. А иститесе и предадени во надлежното Одделение за сметководство и плаќања заради внес на податоците.

Во однос на третата алинеја во оваа точка 4.2.1., сметаме дека ревизорската екипа еднострано ја има претставено состојбата, не земајќи ги во предвид изјавите на

вработените при остварени разговори со нив (како една од ревизорските техники за собирање на податоци) станува збор за неупотребливи движни ствари, кои поради својата состојба би ја изложиле СОЗР на дополнителни непотребни трошоци. За некои веќе се преземени дејствија во насока на формално регулирање на нивното враќање (укинување на одлуките на Влада), за другите ќе се преземат тие мерки.И истите не можат да бидат внесени во евиденција, поради напред наведеното, односно поради фактот дека постапката за нивно преземање не е завршена.

Понатаму, по однос на четвртата алинеја каде ревизорската екипа ја објаснува состојбата со нерасходувани средства (возила и сл.), согласно Писменото известување дадено од одговорното лице на Службата доставено до ДЗР, бр. 14-1400/6 од 25.08.2021 година,Службата извести дека за причината за наведената состојба и дека во консултација и координација со надлежното Одделение за сметководство и плаќања и Комисијата за расходување, констатирано е дека не постојат физички услови за класифицирање на отпадот по години согласно Извештаите од пописите, па од таа причина, Службата ќе подготви Информација за давање на согласност за спроведување на постапката за отстранување на отпадот до ВРСМ, заради донесување на Одлука, со која ќе се опфати отпадниот материјал утврден и со пописот за 2020 година, со цел да се распише еден Оглас, во надеж дека ќе биде успешен. Службата постапи и изготви Информација за давање согласност за спроведување на постапка за избор на оравно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад заверена со бр. 08-6479/1 од 15.11.2021 година.

Во петата алинеја, погрешна е констатацијата на ревизорската екипа дека моторните возила се осигуруваат без наведување на поединечни вредности на секое моторно возило, од причина штосоставен дел на Договорот за ЈН на услуги - осигурување на моторни возила во Службата заверен со бр. 05-1998/25 од 08.07.2021 година е Листата на цени - премија за потполно каско осигурување и автонезгода во која има графа „Вредност на возилото" за секое поединечно, кој е доставен на ревизорската екипа. Исто така, забелешката на ревизорската екипа, која произлегува од претходната констатација, за која укажуваме дека е погрешна, а во која се вели дека таквиот начин на осигурување на возила, може да предизвика ризик да биде пуштено во сообраќај возило кое претходно не е осигурено, сметаме дека не е соодветна, поради неможност да се предвидат сите возила кои ќе бидат во употреба (дефектни или новододелени) и дека списокот за каско осигурување според потребата се надополнува во моментот на потреба. Не постои можност да се пушти во сообраќај возило кое не е осигурано БИДЕЈЌИ сите возила се осигурани со автоодговорност при самата регистрација на возилата.

Согласно претходно изнесеното од наша страна по однос на точката 4.2.1., сметаме дека е несоодветна и нереална констатацијата дека наведената состојба предизвикува нереално и необјективно евидентирање на патничките возила во сметководствената

евиденција, затоа што наведената состојба предизвикува само неможност за целосно евидентирање на патничките возила во сметководствената евиденција, сите факти кои допринесуваат до таа состојба транспарентно се прикажани во тековното работење, а се прикажани и на самите членови на ревизорската екипа.

Согласно се претходно изнесено по точка 4.2.1. Препораките треба да гласат дека Службата ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖИ со преземање на дејствија и активности се до целосно реализирање на започнатите активности, бидејќи формулирано на ваков начин остава впечаток, дека по предметните прашања не е воопшто постапувано.

Пред се, во точката 4.2.2., во првиот пасос погрешна е констатацијата дека, цитирам: *„а при тоа најчесто не се преземани активности за постапување по истите“*, бидејќи активности СЕ преземани, но поради непроменета затекната фактичка состојба, преземените активности по истите во претходните години не довеле до разрешување на настанатите состојби. Понатаму, по однос на третата алинеја, Ве известуваме дека се изготвени соодветни акти, и тоаРешение за отпис на основни средства бр. 05-4728/1 од 23.08.2021 година (објект „Јуриј Гагарин“ – Белград, Р.Србија),Решение за отпис на основни средства бр. 05-4727/1 од 23.08.2021 година (објект „II Булевар“ – Белград, Р.Србија), Решение за отпис на основни средства бр. 05-4726/1 од 23.08.2021 година (објект „Андреа Николиќ“ – Белград, Р.Србија),Решение за отпис на основни средства бр. 05-4731/1 од 23.08.2021 година (објект „Ужичка 25“ – Белград, Р.Србија), Решение за отпис на основни средства бр. 05-4725/1 од 23.08.2021 година (објект „27-ми Март“ – Белград, Р.Србија),Решение за отпис на основни средства бр. 05-4724/1 од 23.08.2021 година (објект „Вила Бањац“ – Цавтат, Р.Хрватска). А во однос на регулирање на сопственичкиот статус на објектите надвор од Република Северна Македонија, како што наведуваат ревизорите, Службата како што погоре во текстот наведе, продолжи со активностите и повторно се обрати до МНР со допис бр. 08-6478/1 од 15.11.2021 година.

Во однос на констатацијата за тоа дека Службата не располага со документација по однос намобилни телефонски апарати (28 апарати), дадени на користење во 2015 година, на одделението за обезбедување на Претседател на Владата на РСМ, како што беа известени и членовите на ревизорската екипа, кон вработениот кој беше задолжен за спроведување на работни задачи поврзани со задолжување/раздолжување на службени мобилни телефони, беше покрената соодветна постапка, по што постапката е пренесенапред надлежното ОЈО.

По однос на констатацијата од алинејата 5, Ве известуваме дека Службата изготви соодветни акти и тоа Решение за отпис на основни средства бр. 05-4594/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – ОЈО), Решение за отпис на основни средства бр. 05-4595/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за правда),Решение за отпис на основни средства бр. 05-4596/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за финансии), Решение за отпис на основни средства бр. 05-4593/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за здравство), Решение за отпис на

основни средства бр. 05-4592/1 од 17.08.2021 година (ПЕ Касарна Страшо Пинџур), Решение за отпис на основни средства бр. 05-4591/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – МНР).

По однос на шестата алинеја која се однесува на навигационите уреди, Службата изготви акт – Решение за отпис на основни средства бр. 05-4729/1 од 23.08.2021 година. А пак во врска со седмата алинеја, за кусок на опрема во сопственост на СОЗР која физички била отстранета од просториите на Владата на РСМ во јуни 2017 година, првенствено некоректно е од ревизорската екипа да нафрлува состојба, без да даде образложение подолу во текстот по однос на истата, за што има добиено информација и направен увид во расположлива документација, користејќи го разговорот со вработените и увидот како ревизорска алатка, што не е случај со сите констатирани состојби. Имено станува збор за дејствие на претходениот генерален секретар во ВРСМ, Драги Рашковски, кој без сознание на Службата, преземено на негова сопствена иницијатива.

Како сублимат на сите констатации во точката 4.2.2., а врз основа на дадените образложенија погоре, сметаме дека ревизорската екипа фактичката состојба ја прикажува со погрешна формулација и во претпоследниот пасос. Имено, по однос на тоа, состојбата е таква од причина што по донесените одлуки на пописните комисии и ЦПК во текот на претходните години СЕ преземани активности кои не резултирале со финална разрешница и истото има за ефект нереално искажување на средствата - опрема и изворите на средства – капитал во билансот на состојба, што не е во целост согласно член 19 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и покрај спроведувањето на усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот на крајот на тековната година што е обврска по член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со цел да се добие состојба на целосна усогласеност.

И во Препораките кои се однесуваат на точката 4.2.2, има погрешна констатација дека не се преземани активности, со тоа што наведуваат дека Службата треба да преземе активности за утврдување на имотот и опремата која се наоѓа на локации во други држави, бидејќи како што претходно дадовме објаснување, Службата веќе има преземено дејствија, кои не само поради сопствена неможност, туку и поради не добивање на повратни информации од други надлежни органи и институции, не може да ги заврши, со што би се решил статусот на имотот, а за опремата, веќе наведовме дека се донесени соодветни акти, кои во копија ви ги доставуваме во прилог.

Дел 4.3. – Првенствено и генерално кон целиот текст од овој дел, а и кон целиот текст од нацрт – извештајот воопшто, сакаме да укажеме на фактот дека ревизорската екипа некоректно наведува дека Службата не преземала активности по прашања кои се јавиле како нерешени во извештаите од спроведените пописи и таквата констатација дава погрешна слика за секој читател на извештајот. Имено, „не презела", значи непреземање воопшто на никакви дејствија и активности, што е сосема спротивно од реалната состојба. Службата ПРЕЗЕМАЛА активности, но поради непроменетата фактичка состојба по конкретни отворени прашања, преземените активности по истите во претходните години не довеле до разрешување на статусот на незатворените прашања. По одредени прашања, разрешницата ЗАВИСИ од дејствувањата на други органи и институции.

Точка 4.3.1. – Прва алинеја: На поодделните комисии за членови се избрани вработени во Службата од сите организациони единицизаради обезбедување на објективност на

спроведувањето на пописот, а повеќето членови не располагаат со соодветни и доволни познавања од проблематиката, и тоа допринесува до изготвување на Извештај којне е во целост согласно интерните акти на Службата, односно извештајот отстапува од некои од барањата предвидени во упатството за работа на комисиите за попис и решението за формирање на комисиите, НО не и дека Извештајот не содржи податоци согласно интерните акти на Службата, како што наведува ревизорската екипа.
Точка 4.3.1. – Втора алинеја: Даден е Предлог – да се направат решенија за кусоци и вишоци, со прилог пропратна документација, без да бидат дадени детални и образложени појаснувања за причини за настанат кусок или вишок, што е видно од предметниот Извештај на ЦПК, кој и во хартиена копија и во електронска форма е доставен на ревизорската екипа. А по овозможениот увид во акти – решенија по спроведени пописи, ревизорската екипа требаше да констатира дека надлежната организациона единица за изготвување на решенијата за кусок или вишок, првенствено се обраќа до посочените вработени со барање за произнесување по констатираната состојба во Извештајот на ЦПК. Но, тоа ревизорската екипа никаде не го наведува. Исто така, ним им е дадено објаснување од вработен, дека постапката на барања објаснувања од засегнатите вработени пред реализација на предлозите на комисиите, односно пред изготвување на соодветни акти, ја проверува Одделението за нормативно-правни работи.

Согласно претходните два пасоси, сублиматот во последниот пасос од нацрт – извештајот и содржината на препораката, треба да се коригира, во насока дека и покрај тоа што интерните упатства за попис на Службата предвидуваат начин на изготвување извештај за залихи на стоки со состојба на ден 31.12.2020 година, Извештајот не е изготвен во целост согласно утврдениот начин, поради што препораката треба да биде формулирана како укажување дека треба да се преземат мерки и активности членовите на пописните комисии да се придржуваат во целост кон утврдениот начин на изготвување на извештајот.

Реченицата во точката 4.3.2. „Лицето задолжено за евидентирање ги внесува цените по артикли согласно пристигнатите фактури." треба да биде избришана од извештајот, бидејќи цените по артикли се внесуваат согласно актуелниот Договор за јавна набавка, за што на ревизорската екипа и беше овозможен увид во вршење на предметниот процес и увид во Договорот за ЈН.

Во однос на делот каде се прикажува констатацијата по спроведен контролен попис – проверка на ден 22.07.2021 година,бидејќи задолжувањето на артиклите од главен магацин се врши до објекти надвор од зградата (Собрание, Влада, вили) кои се поврзани со впн интернет конекција, која поради пад предизвикува синхронизацијата да биде нецелосна и да мора повторно да се направи, што доведува до разлики на артиклите во лагер листата и аналитичката картица, но за утврдената проблематика веќе се работи со надлежниот субјект заради надминување.

Што се однесува на забелешките во целиот текст од точката 4.3.2. за постоењето на разлики на податоците за прехранбени производи и пијалаци во пописот со сметководствената евиденција, истото се должи на тоа дека и покрај утврдената фифо методаза примена согласно интерните акти на Службата, затекната е состојба во 2017 година на примена на метода насредна цена, а согласно реалната фактичка состојба која е предизвикана од карактерот и сензитивноста која со себе ја носи угостителскиот процес во јавниот сектор, на начин уреден како во Службата, продолжено е да се применува истиот, согласно позитивната законска регулатива – Меѓународните сметководствени стандарди. Пропустот на Службата е што се уште нема направено измена на интерните акти кои го уредуваат ова прашање, во која насока треба да се движи и препораката на ревизорската екипа, но заради надминување на оваа пречка, а и воопшто за надминување , отстранување на пречки, и усогласување со тековна регулатива, со Решение за формирање на работна група за изготвување на Единствен регистар на интерни акти во СОЗР на ВРСМ бр. 02-5082/1 од 07.09.2021 година, формирана е работна група која има за задолжение покрај тоа да изготви Единствен регистар на интерни акти во Службата, туку и во координација со организационите единици во Службата да изготви пресек за состојба на актите и да даде предлог за понатамошно постапување по однос на истите.

Дел 4.4. – Генерално кон овој дел, укажуваме дека треба да биде внесен и изложен фактот дека софтверскиот програм за материјалната и сметководствена евиденција на залихитекој Службата го користи е во надлежност, и носител на истиот е Министерството за информатичко општество и администрација, а Службата се јавува единствено како корисник, кој сите пројавени недоследностиможе само да ги пријави, што е и сторено, за што на ревизорската екипа и е овозможен увид во остварената комуникација со МИОА и економскиот оператор (ДУНА). Како континуитетни недоследности, технички препреки на кои е наидено при тековното работење се погрешно влечење на податоци, лагер листата не ги влече цените од влезот (фактурата) и сл.

Дел 4.5.1. – Единствена забелешка наоѓаме во делот дека по предлозите во извештаите на ЦПК не е постапувано, бидејќи постапките за спроведување на истите се веќе започнати, и сите се во различен стадиум на реализација, поради одредени околности. Кај препораките, по однос на втората алинеја како што погоре наведовме, веќе е донесено Решение за формирање на работна група за изготвување на Единствен регистар на интерни акти во СОЗР на ВРСМ бр. 02-5082/1 од 07.09.2021 година, а третата алинеја треба да биде избришана, бидејќи видно од Извештаите од ЦПК, доставени на ревизорската екипа, преглед - старосна структура на обврските кон добавувачите како и поткрепувачка документација за неизмирените обврски, има кон истите.

Дел 4.5.2. – Прва алинеја: Не е точна констатација дека во извештајот нема опис дали за секое поединечно побарување е дадена опомена, причини за застареност или преземени мерки од страна на службите и нема предлози за евентуална исправка на вредноста на побарувањата, бидејќи објаснувања секако дека има, но можеби не се детални и стручни, со оглед на структурата на комисиите, што упатува на тоа дека пописот на побарувањата во некои сегменти отстапува од одредбите на членот 34 од Правилникот за сметководство на буџет и буџетски корисници. А по однос на препораките, кои како и во претходните делови, се однесуваат на потребата од усогласување и ревидирање на интерната нормативва, како што погоре наведовме, донесено е Решение за формирање на

работна група за изготвување на Единствен регистар на интерни акти во СОЗР на ВРСМ бр. 02-5082/1 од 07.09.2021 година. А по однос на втората алинеја од препораките, Службата донесе Решение за формирање на Комисија за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вонбилансната евиденција во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бр. 02-6476/1 од 15.11.2021 година.

Дел 4.5.3. – Што се однесува на вонбилансно евидентираните објектите кои се срушени – непостоечки, а дел немаат имотни листови и регулиран имотно правен статус, се со цел да не се оптоварува овој извештај со повторување на ставови по однос на исти прашања, прикажани од ревизорската екипа во различни делови, упатуваме дека соодветствува образложението кое погоре го изнесовме, а се однесува на втората алинеја од делот 4.1.3. Во однос на третата алинеја која се однесува на возилата набавени врз основа на склучен договор за лизинг, поради што истите се водат вонбилансно се до траење на договорот за лизинг, е така согласно одредбите на Законот за лизинг, каде е уредено дека со склучување на договор заоперативен лизинг, за разлика од финансискиот лизинг, предметот на лизинг не се книжи во основни средства во сметководствената евиденција на корисникот на лизинг, од која причина сметаме дека, доколку овој факт се изнесува во Вашиот Извештај, истиот треба да биде проследен со соодветно образложение кое произлегува од Законот за лизинг. А по однос на втората алинеја од препораките кои се однесуваат на оваа точка, како што погоренаведовме, Службата донесе Решение за формирање на Комисија за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вонбилансната евиденција во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бр. 02-6476/1 од 15.11.2021 година.

Службатанаведенитезабелешкиконнацрт – извештајотна ревизорската екипа ги дава согласно реалната фактичка состојба во Службата и основите по кои работи, а секако и сугерираме на некои констатации поради фактот дека од страна на ревизорската екипа не се земени во предвид добиените податоци при преземањето на различните ревизорски активности од нивна страна за целовреметраење на ревизијата во Службата. Сугерираме на нивното таксативно наведување на состојби, без соодветни образложенија. Со оглед на се изнесено, бараме кон овие забелешки да пристапите професионално и доколку ви е потребно дообјаснување, Ви стоиме на располагање, се со цел, ревизорскиот извештај да добие една концизност и јасност во изложувањето, за да не даде погрешна претстава за предметната состојба во Службата.

Со почит,

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Владата на Република Северна Македонија**
**Директор**
**м-р Пеце Мирчески**

Подготвил: Сања Петковска



Влада на Република Северна Македонија
Служба за општи и заеднички работи
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3146-700
www.vlada.mk

Прилог:

- Договор за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба воСлужбата заверен со бр. 08-5517/5 од 29.12.2020 година, кај Продавачот со бр. 03-10438/8 од 29.12.2020 година, со Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ бр. 1246/20 на Нотар Методија Ристоски за подрачјето на Основните судови на град Скопје;
- Одлука за востановување и водење на внатрешната евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи бр. 23-5070/1 од 04.09.2001 година на ВРМ, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 76/2001;
- Информација за потреба од исправка на Одлука за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба бр. 44-11846/3 од 10.12.2020 година на ВРСМ објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 295 од 14.12.2020 година, заверена со бр. 08-6481/1 од 15.11.2021 година;
- Информација за поништување на Одлука за престанок и за давање на трајно користење недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 41-4822/1 од 23.07.2013 година на Владата на Република Македонија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 106 од 29.07.2013 година, заверена со бр. 08-6480/1 од 15.11.2021 годинаБарање за издавање на Имотен лист бр. 08-5423/2 од 23.09.2021 година;
- Барање за издавање на Имотен лист бр. 08-5423/1 од 23.09.2021 година;
- Барање за издавање на имотен лист бр. 08-5423/2 од 23.09.2021 година;
- Решение за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со недвижни ствари и градежно земјиште бр. 02-6477/1 од 15.11.2021 година;
- Барање бр. 08-6478/1 од 15.11.2021 година;
- Информација за давање согласност за спроведување на постапка за избор на оравно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад заверена со бр. 08-6479/1 од 15.11.2021 година;
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4728/1 од 23.08.2021 година (објект „Јуриј Гагарин“ – Белград, Р.Србија);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4727/1 од 23.08.2021 година (објект "II Булевар" – Белград, Р.Србија);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4726/1 од 23.08.2021 година (објект „Андреа Николиќ“ – Белград, Р.Србија);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4731/1 од 23.08.2021 година (објект „Ужичка 25“ – Белград, Р.Србија);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4725/1 од 23.08.2021 година (објект „27-ми Март“ – Белград, Р.Србија);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4724/1 од 23.08.2021 година (објект „Вила Бањац“ – Цавтат, Р.Хрватска);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4729/1 од 23.08.2021 година;
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4594/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – ОЈО);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4595/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за правда);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4596/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за финансии);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4593/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – Министерство за здравство);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4592/1 од 17.08.2021 година (ПЕ Касарна Страшо Пинџур);
- Решение за отпис на основни средства бр. 05-4591/1 од 17.08.2021 година (ПЕ – МНР);
- Решение за формирање на работна група за изготвување на Единствен регистар на интерни акти во СОЗР на ВРСМ бр. 02-5082/1 од 07.09.2021 година;
- Решение за формирање на Комисија за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вонбилансната евиденција во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бр. 02-6476/1 од 15.11.2021 година;


Влада на Република Северна Македонија
Служба за општи и заеднички работи
Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3146-700
www.vlada.mk

Прилог 2

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 17.11.2021 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ“ број 13-199/11 од 16.10.2021 година, од одговорното лице м-р Пеце Мирчески, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-199/13 од 17.11.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор при што е констатирано следното:

1. Забелешката на ревизорскиот **Заклучок делумно се прифаќа** поради дополнително доставените документи и преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија, за што заклучокот во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор соодветно е прилагоден.
   Ревизијата има потреба да истакне дека ревизорскиот Заклучок согласно ISSAI стандардите на ВРИ како и Меѓународните стандарди за ревизија и методолошките акти на Државниот завод за ревизија дава одговор на поставените цели/прашања и истиот е резултат на ревизорското уверување.

2. Забелешката на констатираните состојби во **резимето не се прифаќа** од причина што истата согласно методолошките акти на Државниот завод за ревизија претставува кратко изнесување на најважните констатации од ревизорските наоди и е резултат на утврдените состојби во поодделните точки од ревизорските наоди.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на надлежноста за воспоставување на евиденцијата на недвижностите во СОЗР, наведена во Одлуката за основање, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатираната состојба во наодот. Во насока на погоре наведеното, ревизијата сака да истакне дека пред се станува збор за надлежност за водење на внатрешна евиденција на недвижности која се однесува само за СОЗР, а која обврска произлегува од голем број на одлуки донесени од страна на Владата на РСМ врз основа на кои на СОЗР му се даваат на трајно користење недвижни ствари без надомест, исто така СОЗР не води внатрешна евиденција на недвижностите, согласно член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во кој е уредено дека буџетските корисници треба да водат деловни книги – книга за капиталниот имот (основните средства), поради што ревизијата смета дека оваа надлежност не може да биде предмет за склучување на договор со субјектите

од членот 2 од Одлуката, како што е наведено во забелешките. Како потврда на констатираната состојба е и писмениот допис од одговорното лице, кој е наведен и во Нацрт извештајот со кој е потврдено дека во архивата на СОЗР не постои единствена матична книга за евиденција на недвижностите. Исто така поради големиот обем на предмети преземени се активности со новиот Правилник за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР, постоечкото Одделение за инвестиции и нови градби да добие и надлежности за вршење на евиденција на недвижности за што е предвидено работно место со звање Помлад соработник за евиденција на недвижностите.

Во останатиот текст на забелешките кои се однесуваат на законските одредби на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, кои беа со важност до 2016 година и на законските одредби на истиот Закон, кои се со важност од 2016 година до денот на ревизијата со воспоставување на единствена евиденција од страна на Агенцијата за катастар, претставуваат **образложение** кое ревизијата го имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и кое е соодветно обелоденето во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор;

Забелешката на **последниот став од точката 4.1.1** кој се однесува на презентирање на предложен текст за наод под точката 4.1.1 во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, **не се прифаќа**, бидејќи текстот во наодот презентиран од ревизијата реално и објективно ја презентира констатираната состојба, а новопредложениот текст само ја потврдува веќе констатираната состојба во извештајот од страна на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2,** се однесува на набавката на недвижни ствар (деловен простор кој се наоѓа во административно-деловниот објект на улица „Филип Втори Македонски“ број 11 во Скопје) со склучување на Договор за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за РСМ и тоа:

- забелешката на **алинеја 1**, која се однесува за тоа дека станува збор за техничка грешка односно еден примерок е пропуштен да биде потпишан, а останатите примероци се потпишани од страна на одговорните лица при Солемнизацијата (потврдата на приватната исправа) на договорот за продажба на недвижните ствари-деловниот простор, **се прифаќа**, поради тоа што во прилог на забелешките е доставена потпишана солемнизација на договорот за купопродажба на недвижните ствари-деловниот простор.
- забелешката на **алинеја 2**, која се однесува на востановување на права и обврски на заедничка сопственост со продавачот над градежното земјиште и

земјиштето под зграда, во вкупна површина од 1.554 м$^2$, евидентирано во Имотниот лист број 106286, што како податок е наведен само во Преддоговорот за продажба на недвижни ствари-деловен простор со непосредна спогодба и во Договорот за продажба на недвижни ствари-деловен простор со непосредна спогодба, **не се прифаќа,** бидејќи констатираната состојба е базирана на веродостојни докази, дел од нив објавени во Службен весник на РСМ. Објаснувањето во самите забелешки за спроведена постапка пред Секретаријатот за законодавство односно Владата на РСМ, ревизијата ги имаше во предвид, но истите не ја менуваат констатираната состојба во наодот;

- Забелешката на **алинеја 3** која се однесува на пресметката од страна на ревизијата за вкупната површина на деловниот простор, предмет на продажба, не вклучувајќи ја заедничката сопственост на земјиштето, која е поголема од вкупната површина наведена во одлуката, односно дека постои разлика од 859 м$^2$, **претставува известување** за преземени активности за што е доставена Информација број 08-6481/1 од 15.11.2021 година од страна на СОЗР до Владата на РСМ за потребата од донесување на Одлука за исправка на Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, а по нејзино донесување од страна на Владата на РСМ ќе следи коригирање на вкупните површини на деловниот објект. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.
- забелешките на **последниот став и втората алинеја од препораката**, а кои се однесуваат на договорот за закуп, во кој површините во м$^2$ за 2 бифеа, се различни односно помали од истите наведени во Одлуките за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари кои се однесуваат на тие бифеа, **не се прифаќаат,** бидејќи не се доставени дополнителни докази по однос на констатираната состојба во наодот, врз основа на кои ќе се влијае на промена на утврдената состојба, а забелешките кои се однесуваат за текот на постапката за склучување на договорот за закуп, ревизијата го имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизија.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3.** се однесува на состојбите во Извештајот за пописот на средства, извори на средства, побарувања и обврски со состојба на 31.12.2020 година на Централната пописна комисија за поодделни недвижности и тоа :

- забелешката која се однесува за **алинеја 1 точка 1** за доделување на деловна просторија која се наоѓа на улица Војни објект зграда број 22, влез 1, кат приземје, намена на зграда –деловен простор (ДП)[1], со внатрешна површина од

[1] Имотен лист број 1090, сопственост на АД Аеродроми на РСМ, со внатрешна површина од 978 м2, на КП број 1/11, КО Мралино

978 $м^2$, на трајно користење без надомест, **претставува известување** за преземени активности, за што од страна на СОЗР е доставена Информација до Владата на РСМ број 08-6480/1 од 15.11.2021 година, за донесување на Одлука за поништување на Одлуката за престанок за давање на трајно користење на недвижни ствари на СОЗР, која се однесува на Хангарот сместен на парцела која припаѓа на Меѓународниот аеродром Скопје. Поништувањето на одлуката се бара од причина што станува збор за недвижни ствари кои се однесуваат на одделена парцела и немаат поврзаност заради нивно заедничко користење. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се соодветно обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;

- забелешката на **алинеја 2** која се однесува за градежните објекти кои во деловните книги / сметководствената евиденција се без имотни листови и градежно земјиште кое се води во сметководствената евиденција во СОЗР, а над кое СОЗР нема право на фактичко владение и за кое нема обезбедено документација, **не се прифаќа,** бидејќи оваа состојба е потврдена од страна на одговорното лице со донесување на Одлука за усвојување на Извештајот за средства, извори на средства, побарувања и обврски со состојба 31.12.2020 година изработен од Централната комисија за попис на средства, извори на средства, побарувања и обврски во СОЗР за 2020 година;
- забелешката во однос на конкретните градежни објекти, кои се однесуваат на репрезентативните и резиденцијалните објекти и тоа: Вила "Водно 1", Вила "Водно 2" и Вила "Водно 3", сите во Скопје и Вила "Билјана", Вила "Охрид", Вила "Охрид 1", Вила "Охрид 2", Вила "Мир" и Вила "Свети Стефан" сите во Охрид, како и на објект во с. Лазарополе, ИЛ број 320, КО Лазарополе, **претставува известување** за преземени активности од страна на субјектот предмет на ревизија. Од СОЗР е доставено барање за издавање на имотни листови број 08-5423/2 од 23.09.2021 година и број 08-5423/1 од 23.09.2021 година насловено до Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така, формирана е Комисија за утврдување на фактичката состојба со недвижните ствари и градежното земјиште број 02-6477/1 од 15.11.2021 година, која има задолжение во рок од три месеци да изврши увид на терен заради утврдување на фактичката состојба за сите недвижности и да изготви Извештај, врз основа на кој ќе се достави Информација до Владата на РСМ за да се преземат активности по предметните недвижности. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се соодветно обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;
- во однос на забелешката што се однесува на **препораката дадена за точка 4.1.3 истата се прифаќа** за што препораката ќе биде соодветно прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1,** се однесува на пописот на моторните возила и тоа:

- забелешката на **алинеја 2**, која се однесува на не усогласените  податоци за возилата евидентирани во компјутерскиот програм што се наоѓа во Одделението за превоз и одржување на моторни возила со пописната листа за возилата, **не се прифаќа,** бидејќи сите документи ревизијата ги имаше во предвид при констатирање на состојбата во наодот, а не е доставена друга дополнителна документација од страна на субјектот предмет на ревизија. Во однос на документот/список што беше доставен за време на извршување на ревизијата, истиот беше во работна формаи не претставува  веродостоен документ, согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење;
- забелешката на **алинеја 3**, која се однесува на физичко непреземање на моторните возила кои со одлуки на Влада на РСМ се преотстапени на СОЗР, односно истите остануваат на местата од каде било потребно да бидат преземени од страна на СОЗР, **претставуваат известување** за преземени активности за укинување на одлуките на Владата на РСМ, но притоа не се доставени докази за преземените активности;
- забелешката на **алинеја 4**, **претставуваат известување** за преземени активности во насока на подобрување на констатираната состојба. Од СОЗР е преземена активност за Изготвување на Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка , рециклирање и уништување на отпад бр.08-6479/1 од 15.11.2021 година. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор кое се рефлектира во соодветно прилагодување на дадените препораки;
- забелешката на **алинеја 5, не се прифаќа** бидејќи не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдената состојба и наведените забелешки ревизијата ги имаше во предвид за време на извршувањето на ревизијата;
- забелешката во однос на **втората алинеја на препораката**, **делумно се прифаќа** поради преземени активности од субјектот предмет на ревизија во текот на извршувањето на ревизијата, за што препораката ќе биде соодветно прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

7. Забелешката на констатираните состојби во точка **4.2.2** која се однесува на:

- забелешката на **став 1,** кој се однесува на преземени активности по предлог одлуките за постапување по попис на поединечните комисии за попис и на ЦПК **делумно се прифаќа п**оради тоа што преземените активности во претходните години не довеле до разрешување на настанатите состојби што соодвето е прилагодено во Конечниот извештај на овластениот државен

ревизор.

- забелешката на **алинеја 3** од истата точка, каде е наведено дека се изготвени решенија за отпис на основни средства, **претставува известување** за преземени мерки. Дел од спомenатите решенија со нивното донесување беа доставувани до ревизијата и се наведени во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, а дел од преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија кои дополнително се доставени со забелешките се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;
- забелешката на **алинеја 4**, во која е наведено дека е покрената постапка и истата е пренесена пред надлежното Основно јавно обвинителство, претставува **образложение** за утврдената состојба која ревизијата ја имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата;
- забелешката на **алинеја 5 и 6** каде е наведено дека се изготвени решенија за отпис на основни средства, претставува **известување** за преземени мерки. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;
- забелешката на **алинеја 7**, каде е наведено дека станува збор за дејствие на претходниот генерален секретар во Владата на РСМ, кој без сознание на СОЗР, преземал дејствие на негова сопствена иницијатива, претставува **образложение** на констатиранатасостојбата во извештајот на Овластениот државен ревизор за која не е доставена дополнителна документација;
- забелешката на **последниот став и препораката делумно се прифаќа,** согласно добиените докази за преземените мерки и активности од страна на субјектот предмет на ревизија и истата е соодветно обелоденета во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;

8. Забелешките на констатираните состојба во **точката 4.3.1,** кои се однесуваат на пописот на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалаци) и тоа за:

- забелешката на **алинеја 1** , која се однесува на составот на членовите во комисиите за попис дека повеќето членови не располагаат со соодветни и доволни познавања од проблематиката и тоа допринесува за изготвување на Извештај кој не е во целост согласно интерните акти на СОЗР, **претставува известување** за причините за констатираната состојба што ревизијата ја имаше во предвид при извршувањето на ревизијата;
- забелешката на **алинеја 2** од истата точка, која се однесува на недонесени решенија за кусок или вишок, **не се прифаќа**, поради тоа што Извештајот за попис на ЦПК е усвоен во месец февруари, а до завршување на ревизијата - септември, сеуште не беа донесени решенија за постапување со утврдените кусоци или вишоци, ниту пак со забелешките по Нацрт извештајот се доставени дополнителни докази за преземените активности. Исто така

напоменуваме дека во интерните акти на СОЗР е предвидена содржината на Извештајот за извршен попис на залихи на стоки и истиот треба да содржи податоци за состојбата со залихите – кусоците, вишоци како и произнесување на комисијата по однос на настанатите кусоци и вишоци;

- забелешката на **последниот став и препораката**, која се однесува на изготвување на извештај за залиха на стоки со состојба 31.12.2020 година кој треба да содржи конкретни податоци за истите, **не се прифаќа**, во последниот став од точката 4.3.1., наведени се конкретните податоци кои отсуствуваат од Извештајот, а истите се предвидени во интерните акти на СОЗР, а препораката во извештајот дава јасна насока до пописните комисии, за тоа кои активности треба да бидат преземени за подобрување на извештајот од спроведениот попис.

9. Забелешките на констатираните состојба во **точката 4.3.2,** кои се однесуваат на пописот на залихи на стоки (прехранбени производи и пијалаци) и тоа :

- забелешката на **став 2**, каде се бара да се избрише реченицата „Лицето задолжено за евидентирање ги внесува цените по артикли согласно пристигнатите фактури“, **не се прифаќа**, поради тоа што обврската за евидентирање е наведена и преземена од интерен акт на СОЗР - Правилник за вреднување на залихите материјалите, резервните делови и ситниот инвентар бр. 01-4624/1 од 19.08.2010 година, а со цел да се даде опис за начинот на евиденцијата на залихите на прехранбени производи и пијалаци во СОЗР;
- забелешката на **став 5** која се однесува на разлики на артиклите во лагер листата и аналитичката картица, **претставува образложение** на утврдените состојби, но не упатува на дополнителни податоци или информации кои се поткрепени со дополнителна документација. Што се однесува до разликите на податоците за прехранбените производи и пијалаци утврдени со пописот и во сметководствената евиденција наведени во точката 4.3.2. објаснувањето од субјектот е дека истото се должи дека и покрај утврдена фифо метода за примена согласно интерните акти на СОЗР, во 2017 година, затекната е состојба на примена на метода на средна цена. Пропустот на СОЗР е што сеуште нема направено измена на интерните акти кои го уредуваат ова прашање. Од таа причина донесено е Решение за формирање на работна група за Единствен регистар на интерни акти на СОЗР на ВРСМ,бр.02-5082/1 од 07.09.2021 година, доставено до ревизијата, кое претставува **образложение за преземени мерки**. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

10. Забелешките на констатираните состојба во **точката 4.4,** кои се однесуваат на Пописот на залихи на потрошен материјал и резервни делови, и дека на

софтверскиот програм за материјалната и сметководствена евиденција на залихите на потрошен материјал и резервни делови, СОЗР е единствен корисник на истиот, а носител е Министерството за информатичко општество и администрација, **не се прифаќа**, од причина што наведените укажувања ревизијата ги имаше во предвид за време на извршувањето на ревизијата.

11.Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.5.1**. кои се однесуваат на:

- забелешката на **став 3**, каде е наведено дека по предлозите на ЦПК не е постапувано, бидејќи постапките за спроведување на истите се веќе започнати и сите се во различен стадиум на реализација, **не се прифаќа**, поради тоа што во Извештаите на ЦПК од изминати години во континуитет содржан е предлог - Одделението за нормативно правни работи во соработка со Одделението за сметководствено работење да ги утврди фактите дали постои основ за отпис поради застареност, но по истиот не се донесувани решенија за отпис, или доколку биле во фаза на изготвување не би имало континуитет на предлогот и во наредните години. Во тек на ревизијата, односно во 2021 година, изготвени се решенија за отпис на дел од неизмирените обврски кон добавувачите, за што е известено во извештајот на Овластениот државен ревизор;
- забелешката која се однесува на **препораките, алинеја 2**, претставува **известување** за преземени мерки од страна на субјектот предмет на ревизија преку формирање на работна група за Единствен регистар на интерни акти во СОЗР, согласно решение. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор;
- забелешката за **алинеја 3 од препораките**, каде е наведено дека истата треба да се избрише, бидејќи видно во извештаите на ЦПК има преглед за старосна структура на обврските кон добавувачите како и поткрепувачка документација за не измирени обврски, **не се прифаќа,** бидејќи со забелешките не е доставена дополнителна документација и утврдената состојба прикажана во извештајот на Овластениот државен ревизор е врз основа на извршен увид во Извештајот на ЦПК.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.5.2**. кои се однесуваат на неизвршениот попис на побарувањата се однесуваат на:

- забелешката на **алинеја 1**, која се однесува дека во извештајот на ЦПК нема опис дали за секое поединечно побарување е дадена опомена, причини за застареност или преземени мерки од страна на службите и нема предлози за евентуална исправка на вредноста на побарувањата, **не се прифаќа**. бидејќи

утврдената состојба прикажана во Нацрт извештајот е врз основа на извршен увид во Извештајот на ЦПК. Укажувањето на СОЗР е дека во извештајот има објаснувања, но не се детални и стручни со оглед на структурата на комисиите, а со забелешките не е доставена дополнителна поткрепувачка документација која би ја оспорила констатираната состојба во наодот;

- забелешката која се однесува на **алинеја 1 од препораката**, **претставува известување** за преземени мерки, односно формирана е работна група за Единствен регистар на интерни акти во СОЗР, согласно решение бр.02-5082/1 од 07.09.2021 година, заради потребата од усогласување и ревидирање на интерната норматива. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, а дадените препораки соодветно се прилагодени;
- забелешката **на алинеја 2 од препораката**, **претставува известување** за преземени мерки, за формирање на работна група за спроведување на вонреден попис на обврските, побарувањата и вон билансна евиденција на добавувачите кон кои има не измирени обврски, согласно решение бр. 02-6476/1 од 15.11.2021 год. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, а дадените препораки соодветно се прилагодени.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.5.3.,** кои се однесуваат на ненаправен попис на вон билансната евиденција и тоа за објектите, возилата на лизинг и сл., **не се прифаќа**, од причина што во Извештајот за попис на ЦПК за 2020 година вон билансната евиденција воопшто не е опфатена, односно не е спроведен попис за истата, а со забелешките од страна на ревидираниот субјект не е доставена дополнителна документација која би ја оспорила констатацијата во нацрт извештајот.

    Забелешката по однос на **препораките, алинеја 2** која се однесува на формирање на комисија за редовен или вонреден попис на вон билансната евиденција со цел утврдување на фактичката состојба и предлог начин на постапување по истата, претставува **известување** за преземени мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, односно погоре споменатото решение. Преземените активности од страна на субјектот предмет на ревизија се обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор и препораката соодветно прилагодена.